# ПРИРАЧНИК

# ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАСТАВАТА ПО

# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

# ЗА VII ОДДЕЛЕНИЕ

м-р Ана Цветкоска-Панова

ПРИРАЧНИК ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАСТАВАТА ПО ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ
ЗА VII ОДДЕЛЕНИЕ

Издавач: Биро за развој на образованието – Скопје

**Уредник:**
Рајмонда Незири

**Автор**: м-р Ана Цветкоска-Панова

**Стручна поддршка:**
м-р Мирјанче Милошевска (координатор)
Зоран Мазновски
м-р Владо Стојанов

**Лектор:** м-р Татјана Нанкова

**Дизајн и техничко уредување:** Европа 92, Кочани
Година на издавање - 2025
Место на издавање - Скопје
Електронско издание

**CIP - Каталогизација во публикација**

Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

**373.3.016:73/76(035)=163.3**

ЦВЕТКОСКА-Панова, Ана

Прирачник за изведување на наставата по ликовно образование за VII одделение [Електронски извор] / Ана Цветкоска-Панова. - Скопје : Биро за развој на образованието, 2025

Начин на пристапување (URL): https://www.bro.gov.mk/lo7/ - Текст во ПДФ формат, 114 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 22.09.2025

**ISBN 978-608-206-249-5**

**COBISS.MK-ID 66959365**

СОДРЖИНА


- Вовед

- Тема: ЛИКОВЕН ЈАЗИК

- Тема: ДВОДИМЕНЗИОНАЛНА УМЕТНОСТ

- Тема: ТРОДИМЕНЗИОНАЛНА УМЕТНОСТ

## Вовед

Потребите за унапредување и осовременување на образованието е неминовен континуиран процес, а заложбите секогаш се насочени, со секоја промена која новото време ја носи, да бидат надградување на искуствените резултати од анализите од претходните програми и нивно осовременување. Пред се промените се неопходни поради напредокот на научно-истражувачките науки, модерните трендови во уметноста и дизајнот, а пред се интензивната дигитализацијата на образовниот процес. Дигитализацијата во денешно време е неизбежна, високопотребна, таа е навлезена длабоко во сите општествени сфери на планирање и на делување. Осовременувањето означува и чекорење заедно со европските и светските трендови за ефективно образување на младите, кои е потребно да застанат рамо до рамо со меѓународните кадри. Нивната конкурентност треба да се гради преку образовен систем кој нуди, интерактивност, меѓупредметна поврзаност, холистички пристап и се што значи образовен процес по мерка на ученикот, неговите интереси и потреби, но и со следење на современите технолошки и општествени услови и напредок.

За еден ученик да стане успешен граѓанин, конкурентен на пазарот на трудот, но и конкурентен и подготвен за следните образовни циклуси, освен академските знаења потребно е да има развиени вештини на индивидуалност, иницијативност, способност за самоорганизација и организација, со напредни и развиени комуникациски и дигитални вештини, но и чекор напред преку развиено дивергентно мислење кое е предуслов за креативноста.

Да се биде креативен не значи само успешен во уметноста и уметничките вештини. Креативноста е многу повеќе и поважно од тоа што начелно е зачестено мислење. Креативноста е поврзана и неминовна во многуслојните сегменти во науката, технологијата, во современиот начин на работа и живот и др. Уметноста, односно ликовното образование е моментот кадешто најјасно се поттикнува и негува креативноста, која подоцна е никулецот кој произлегува од семето наречено идеја. А идејата и поривот кон напред, тоа што носи успех, напредок, различност, усовршување започнува да се создава меѓудругото на часот по ликовно.

За време на ликовните активности, освен развојот на визуелните перцепции, визуелната меморија и визуелната креативност, се поттикнуваат и социјални вештини, како работа во пар или група, тим, развојот на презентерски вештини, при подготовка на презентации, изложби, текстови, кои исто така се важни на пазарот на трудот. Кај учениците се развиваат и вештини за препознавање и споделување на емоции, мисли, пораки, емпатичност, кои се битни за меѓучовечките односи и надминување на врсничкото насилство. Преточувањето на сопствените идеи, мисли и пораки во форми, бои, линии во уметничкиот израз е невербалниот начин на комуникација. Во активностите каде учениците се среќаваат со реномирани дела од уметноста и дизајнот, градат естетски мерила, културно се надградуваат, негуваат однос кон уметноста и културата, кон убавото, ја препознаваат и ценат уметноста од народното творештво, уметноста во минатото до денес.

Ликовните активности ќе овозможат услови за фазите на работа и предусловите за создавање на ликовна творба:

- Фаза за запознавање и воочување на ликовната задача, ликовниот проблем и понудените информации;
- Фаза на инкубација, опуштеност, фантазирање, дивергентно мислење;
- Фаза на илуминација, креативен процес кога се дефинира идејата, кога се работат скици, се прави избор, комбинации, се истражува во материјал;
- Фаза на материјализација, реализација на ликовната идеја во матријал;
- Фаза на верификација, самоевалуација и евалуација, естетска проценка и презентација.

Ликовните активности е потребно да бидат насочени кон:

- Совладување на основни знаења за ликовната теорија, ликовниот јазик;
- Истражување, набљудување, перцепирање, собирање на визуелни информации, креирање на текстуални и визуелни датотеки (во хартиена форма или дигитални;
- Проекција на мотивот, по модел, по сеќавање, по фантазија, во стил, по сопствена замисла и др.;
- Индивидуална работа, работа во мали групи/парови, групни и колективни творби, односно освен самостојно творење се мотивира и тимска работа и соработка со други ученици;
- Ликовно творештво во областа на ликовната теорија и ликовната практика.

НАЗИВ НА ПРЕДМЕТОТ: ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА VII ОДДЕЛЕНИЕ

БРОЈ НА ЧАСОВИ: 36 ЧАСА (1 ЧАС НЕДЕЛНО)

БРОЈ НА ТЕМИ: 3 ТЕМИ (ЛИКОВЕН ЈАЗИК, ДВОДИМЕНЗИОНАЛНА УМЕТНОСТ, ТРОДИМЕНЗИОНАЛНА УМЕТНОСТ)

БРОЈ НА СОДРЖИНИ ПО ТЕМИ:

1. ЛИКОВЕН ЈАЗИК 3 СОДРЖИНИ (ликовни подрачја, ликовни елементи и ликовни принципи и естетска проценка);
2. ДВОДИМЕНЗИОНАЛНА УМЕТНОСТ 4 СОДРЖИНИ (цртање и цртачки техники, сликање и сликарски техники, графика и графички техники и Дизајн и визуелни комуникации во 2Д)
3. ТРОДИМЕНЗИОНАЛНА УМЕТНОСТ 2 СОДРЖИНИ (пластично обликување и Дизајн и визуелни комуникации во 3Д);

- БРОЈ НА ЧАСОВИ ОРИЕНТАЦИОНО РАСПРЕДЕЛЕН ПО ТЕМИ: ЛИКОВЕН ЈАЗИК 4 ЧАСА, ДВОДИМЕНЗИОНАЛНА УМЕТНОСТ 24 ЧАСА, ТРОДИМЕНЗИОНАЛНА УМЕТНОСТ 8 ЧАСА.

СТАТУС НА ПРЕДМЕТОТ: ЗАДОЛЖИТЕЛЕН

ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;
- истражувачките активности при кои ученикот врши набљудување, претставување резултати и нивно презентирање;
- практичната изведба и активност на часовите при изработката на сопствените и заедничките творби;
- изработките (цртежи, слики, графики, скулптури, дизајни, илустрации, презентации, модели и сл.);
- естетската проценка на уметнички дела и ученички творби;
- одговорите на квизови (кратки тестови) што се дел од поучувањето.

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива бројчана сумативна оценка на постигнатите стандарди за оценување. Бројчаната сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на практично творечките активности и теоретскиот дел - преку усни одговори и тест на знаење од ликовниот јазик во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување.

Примерите на активности обработени во овој Прирачник се ориентациони и преземени и базирани од Наставната програма за Ликовно образование за VII одделение, од БРО. Примерите кои се дадени треба да претставуваат за наставникот идеја, водилка или патоказ. Примерите треба да прикажат само еден начин на кој може да се реализираат часовите по ликовно. Секогаш постојат и многу други можности и начини, пред се во зависност од ресурсите со кои располага наставникот и училиштето, од материјалите и

средствата, опремата и др., од креативноста на наставникот предложената активност од Прирачникот да ја адаптира, збогати, усоврши. Некои од активностите може да ги реализира во еден час како што е предложено, но може да ги реализира и во два часа, секогаш оставајќи им на учениците доволно време и простор за креативен израз и творештво. Се разбира доколку наставникот активноста ја замени со друга, потребно е основните начела, како резултатите од учење, содржините и стандардите за оценување треба да останат непроменети.

Од авторот

## I ТЕМА

## ЛИКОВЕН ЈАЗИК

(Предвидени часови за реализација: 4)

| | |
|---|---|
| **Резултати од учење:**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:<br>➢ да прави разлика меѓу дводимензионална и тродимензионална уметност и да користи ликовен јазик при опишување на ликовните подрачја;<br>➢ да ги опишува ликовните елементи и ликовните принципи за секое ликовно подрачје;<br>➢ да користи ликовен јазик при опишување ликовни дела. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| • **Ликовни подрачја**<br>(ликовен јазик, дводимензионална уметност, цртање, сликање, графика, дизајн и визуелни комуникации во 2Д, тродимензионална уметност, скулптура, дизајн и визуелни комуникации во 3Д) | • Разликува дводимензионална уметност (цртање, сликање, графика и дизајн и визуелни комуникации во 2Д) од тродимензионална уметност (скулптура и дизајн и визуелни комуникации во 3Д).<br>• Користи ликовен јазик при опишување на ликовните подрачја (цртање, сликање, графика, скулптура, дизајн и визуелни комуникации). |
| • **Ликовни елементи и ликовни принципи**<br>(линија и линиски вредности, насока, тон и тонска скала, валер, хармонија, контраст, простор, ритам, стилизација, орнамент) | • Ги опишува ликовните елементи и ликовните принципи: линија и линиските вредности, насока, тон и тонска скала, валер, хармонија, контраст, простор и ритам, стилизација, орнамент за секое ликовно подрачје. |

| | |
|---|---|
| • **Естетска проценка** (мотив, идеја, техника) | • Опишува ликовно дело (мотив, идеја и техника) со употреба на ликовен јазик. |

## I (ПРВА) СОДРЖИНА - ЛИКОВНИ ПОДРАЧЈА

**ПОИМИ** - ликовен јазик, дводимензионална уметност, цртање, сликање, графика, дизајн и визуелни комуникации во 2Д, тродимензионална уметност, скулптура, дизајн и визуелни комуникации во 3Д.

### ПРВА АКТИВНОСТ

Учениците поделени во мали групи/парови изработуваат постери во кои ја илустрираат поделбата на ликовните подрачја во рамките на дводимензионалната и тродимензионалната уметност. Потоа постерите ги претставуваат пред соучениците.

### БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ** - Разликува дводимензионална уметност (цртање, сликање, графика и дизајн и визуелни комуникации во 2Д) од тродимензионална уметност (скулптура и дизајн и визуелни комуникации во 3Д). Користи ликовен јазик при опишување на ликовните подрачја (цртање, сликање, графика, скулптура, дизајн и визуелни комуникации).

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛНИЦА

### ОПРЕМА И СРЕДСТВА

- Хамери во А2 формат: листови фотокопирна бела хартија или во боја, дрвени боички, фломастери, маркери, лепак, селотејп, ножици и др.
- Репродукции од уметнички дела, ученички творби, фотографии на дела или ученички творби, списанија, книги и сл.

### ТЕК НА АКТИВНОСТА

**ВОВЕДЕН ДЕЛ – активирање на предзнаењата**

Учениците разгледуваат репродукции од репрезентативни уметнички дела и/или ученички творби на фотографии, енциклопедии, списанија, од дводимензионална и тродимензионална уметност. Истовремено се поттикнуваат да се потсетат на знаењата стекнати од претходните образовни циклуси, потоа делата ги споредуваат и со користење на ликовен јазик ги опишуваат, ги класифицираат во две групи, дводимензионална и тродимензионална уметност, како и по ликовни подрачја во рамките на истите. Наставникот ја задава задачата: изработка на постер.

**ГЛАВЕН ДЕЛ – работа во парови или мали групи**

Учениците се групираат во парови или во мали групи. Наставникот ги насочува учениците кон дискусија за изгледот на постерот, кои елементи би ги содржел истиот, како да се планира просторот на хамерот, како да се комбинира текстот со илустративниот дел, која техника може да се користи, со која друга техника би можела да се комбинира, како да се компонираат елементите во една целина, кој наслов ке го има постерот и сл. Учениците даваат предлози и активно се вклучуваат во општата дискусија, а потоа се договараат со парот или во малата група. Започнуваат да ги компонираат елементите на хамерот, притоа поставувајќи јасна поделба на самиот хамер дводимензионална уметност (цртање, сликање, графика и дизајн и визуелни комуникации во 2Д) од тродимензионална уметност (скулптура и дизајн и визуелни комуникации во 3Д, претствена со линија или поле со друга боја.

Определуваат место, го пишуваат насловот, а потоа и текстуалниот дел. Кога ќе бидат задоволни од изгледот на целината од компонирани елементи, започнуваат со лепење и додавање на дополнителни детали.

**ЗАВРШЕН ДЕЛ** – презентација на постерите

Секоја група/пар го презентира изработениот постер, ги образложува ликовните постапки и техники кои ги употребила при работата. Го читаат текстуалниот дел и ги опишуваат ликовните дела кои ги класифицирале според димензијата на ликовен израз.

**РЕФЛЕКСИЈА**

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1. Што изработувавме денес?

2. Кој дел од активноста во изработка на постерот ви беше најинтересна?

3. Што научивте за разликите помеѓу дводимензионалната и тродимензионалната уметност?

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

• Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
• Практичната активност за време на часот (учество во активностите);
• Изработените групни ликовни творби;
• Активно учеството во давање предлози, изработката и презентација на заедничката творба.

Според стандардот за оценување: разликува дводимензионална уметност (цртање, сликање, графика и дизајн и визуелни комуникации во 2Д) од тродимензионална уметност (скулптура и дизајн и визуелни комуникации во 3Д).

Наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да разликуваат дводимензионална од тродиманзионална уметност;
- да набројуваат ликовни подрачја во рамките на дводимензионална и тродимензионална уметност;

- да дава идеи и предлози за изгледот и содржината на постерот;
- да користи и комбинира различни ликовни техники и ликовни постапки;
- да соработува со парот или во малата група;
- јасно да презентира што е претставено на постерот.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

### МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира:

а) со предметот Македонски/Албански/Турски/Српски/Босански јазик преку пишување на текстуалниот дел, како и за време на усната презентација;

б) со предметот Математика преку споредување и поврзување на дводимензионална од тродиманзионалната уметност со знаењата за втората и третата диманзија во геометријата.

## II (ВТОРА) СОДРЖИНА - ЛИКОВНИ ЕЛЕМЕНТИ И ЛИКОВНИ ПРИНЦИПИ

**ПОИМИ** - линија и линиски вредности, насока, тон и тонска скала, валер, хармонија, контраст, простор, ритам, стилизација, орнамент.

### ПРВА АКТИВНОСТ

Учениците создаваат нагледен материјал за ликовните елементи и ликовните принципи (линија и видови линии, насока, тон и тонска скала-валер, хармонија, контраст, простор и ритам) за секое ликовно подрачје.

### БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ -** Ги опишува ликовните елементи и ликовните принципи: линија и линиските вредности, насока, тон и тонска скала, валер, хармонија, контраст, простор и ритам, стилизација, орнамент за секое ликовно подрачје.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛНИЦА

### ОПРЕМА И СРЕДСТВА

- Листови од блок бр. 4 или бр. 5, молив, дрвени боички, фломастери, маркери.
- Репродукции од уметнички дела, ученички творби, фотографии на дела или ученички творби, списанија, каталози и монографии каде доминираат ликовните елементи и поими предвидени за разработка на часот. Претходно подготвен визуелен материјал на кој јасно се прикажани: тонска скала, валер, хармонија, контраст, простор и ритам, стилизација, орнамент.

- Подготвени картички на кои е испишан по еден поим: тонска скала, валер, хармонија, контраст, простор и ритам.

## ТЕК НА АКТИВНОСТА

**ВОВЕДЕН ДЕЛ** – активирање на визуелните перцепции

Учениците фокусирано набљудуваат детали на уметнички дела, ученички творби, на фотографии, дела од историјата на уметноста, фолклорот во монографии, енциклопедии, фрагменти од народно творештво (носии, грнчарија) кадешто се најизразени линија и линиските вредности, насока, тон и тонска скала, валер, хармонија, контраст, простор и ритам, стилизација, орнамент. Наставникот, преку подготвени примери, им објаснува и дефинира што претставуваат: тонска скала, валер, хармонија, контраст, простор, ритам, стилизација и орнамент. Истовремено, учениците се поттикнуваат да ги набљудуваат и опишуваат, да ги споредуваат, препознаваат и пронаоѓаат на визуелниот материјал.

**ГЛАВЕН ДЕЛ** – работа во парови или мали групи

Учениците работат индивидуално на претходно определен материјал и подлога. Наставникот ги насочува да изработат композиција од линии и форми, во која ќе биде застапен еден од поимите обработени во воведниот дел. Создадените композиции ќе послужат како нагледен материјал за идни активности. Учениците одбираат по една картичка на која е испишан поимот кој треба да го обработат, на кој пишува кој нагледен материјал треба го изработат и започнуваат да творат со материјалот кој е однапред договорен, притоа создавајќи композиција каде ќе прикажат стилизација на форми на орнамент. На горниот дел од листот го испишуваат поимот и започнуваат да работат.

**ЗАВРШЕН ДЕЛ** – презентација на нагледниот материјал.

Ликовните творби – нагледен материјал, секој ученик го презентира пред останатите, го дефинира, го опишува, објаснува какви линии, насоки, ритам, хармонии, тонски вредности или валер користел за истиот. Овој нагледен материјал, доколку постои место во училницата се поставува/изложува на видливо место, за да послужи за идни активности.

## РЕФЛЕКСИЈА

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1. Што изработивте денес?
2. Кој ликовен поим го изработивте?
3. Што ново научивте за линија и видови линии, насока, тон и тонска скала, валер, хармонија, контраст, простор и ритам?

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите);
- Изработените индивидуални ликовни творби;

• Самостојно избирање на композиција и стилизација на која ќе го претстави избраниот поим;

**Според стандардот за оценување**: Ги опишува ликовните елементи и ликовните принципи: линија и линиските вредности, насока, тон и тонска скала, валер, хармонија, контраст, простор и ритам, стилизација, орнамент за секое ликовно подрачје.
Наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да ги опишува ликовните елементи и ликовните принципи: линија и линиските вредности, насока, тон и тонска скала, валер, хармонија, контраст, простор и ритам, стилизација, орнамент за секое ликовно подрачје.
- да ги применува ликовните елементи и принципи во креирање нагледно средство.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

**МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА**
Оваа наставна содржина може да се интегрира:
а) со предметот Историја (Историја во уметноста), преку споредување и поврзување со елементи и принципи користени во народното творештво.

## III (ТРЕТА) СОДРЖИНА - ЕСТЕТСКА ПРОЦЕНКА

**ПОИМИ** - мотив, идеја, техника

### ПРВА АКТИВНОСТ

Учениците, поделени во групи, разгледуваат дела од музеите во светот при што секоја група одбира еден музеј од кој издвојува дела. Потоа ги анализира делата преку мотивот, идејата, техниката и ликовните елементи и ги опишува со употреба на ликовен јазик. На крајот секоја група изработува презентација (на хартија или дигитално) на тема: Музеите низ светот и истата ја претставуваат пред соучениците.

**БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА – 1 до 2 ЧАСА**

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ** - Опишува ликовно дело (мотив, идеја и техника) со употреба на ликовен јазик

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛНИЦА

**ОПРЕМА И СРЕДСТВА**

- Компјутер, таблет/мобилен телефон, проектор, дигитални апликации, паметна табла, паметен телевизор, печатач во боја и сл.
- Интернет и образовни софтвери.
- Хамер, листови хартија, пенкала во боја, дрвени боички, фломастери, маркери, лепак, ножици.

## ТЕК НА АКТИВНОСТА

**ВОВЕДЕН ДЕЛ** – активирање на истражувачки активности

Учениците се поделени во групи, преку дигитални средства (таблет/мобилен, паметни табла, компјутер/лаптоп) преку интернет на веб-страници или на печатени средства (монографии) истражуваат на тема: „**Светски познати музеи**“. Секоја група определува еден музеј и започнува со истражување. Групата од одбраниот музеј се определува за естетско проценување на културно-историски репрезентативни дела од светски значајни уметници по кои музејот е препознатлив.

**ГЛАВЕН ДЕЛ** – подготовка на материјал за презентација

Секоја група ученици започнува да се договара, да ја планира презентацијата, започнува со одбирање и подготовка на материјалот кој е потребен за презентација на музејот. Забележува важни податоци како неговата локација, препознатливост, значајност како и најистакнатите дела кои го прават привлечен за туристите, уметниците и историчарите на уметност.

За истиот може да подготват (испринтаат или исцртаат) мапа/карта, знаме на државата во која се наоѓа музејот, неговиот надворешен и внатрешен изглед и сл. Потоа, секој ученик од групата одбира и се определува за едно дело, го печати на печатач и запишува значајни естетски елементи и важност, односно врши естетска проценка на избраното дело (го анализира мотивот, идејата на уметникот, техниката во која е изработено делото и сл.). За истото испишуваат на листови со сопствени зборови, коментари и впечатоци. Испечатените и испишаните материјали ги лепат на хамери, запишуваат наслов - име на музејот. Секоја група го презентира подготвениот хамер, а секој ученик на хамерот го презентира делото кое естетски го анализирал.

*Доколку групите подготвуваат презентации на дигитална презентација, тогаш сите елементи од истражувачкиот процес ги имплементираат во дигиталната презентација, која пред останатите ученици ја презентираат на паметна табла или други технолошки можности на училиштето (проектори, паметни телевизори и сл.).

**ЗАВРШЕН ДЕЛ** – презентација

Презентациите (на хартија или дигитално) на тема: „**Музеите низ светот“,** секоја во времетраење по десетина минути, ги презентираат пред останатите ученици. Доколку презентациите се на хартија, хамерите се поставуваат на ѕидовите во училницата/кабинетот по ликовно и се користат за други активности и дискусии.

## РЕФЛЕКСИЈА

На крајот од првиот и вториот час, особено по презентацијата, се води дискусија по прашањата:
1. Што изработивте денес?
2. Кој музеј/дело го анализиравте/презентиравте?
3. Што научивте од презентациите за музеите и уметничките дела?

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

• Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
• Практичната активност за време на часот (учество во активностите);
• Изработените групни презентации;
• Самостојно избирање на дело за естетска проценка, начин на претставување и презентирање на анализираното;

Според стандардот за оценување: Опишува ликовно дело (мотив, идеја и техника) со употреба на ликовен јазик.
Наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да употребува ликовен јазик кога опишува ликовно дело;
- да препознава на ликовното дело мотив, идеја и техника;
- да ги користи стекнатите информации за изработка на презентација;
- да користи дигитални средства и алатки за подготовка на материјали за презентација;
- во групата да соработува, споделува информации, дискутира, заеднички да планира и презентира.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на учениците.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира:
а) со предметот Географија преку поврзување со географски локации.
б) со предметот Информатика, преку употреба на информатички вештини како и дигитални средства и алатки.

## II ТЕМА

## ДВОДИМЕНЗИОНАЛНА УМЕТНОСТ

(Предвидени часови за реализација: 24)

<table>
<tr><td colspan="2">

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:

1. да разликува и применува различни линиски вредности, насоки на линии и густини, да комбинира различни линии, тонови, текстури/шрафури, применувајќи различни цртачки техники;
2. да разликува ахроматски од хроматски тонски скали, топли од студени бои, хармонија од контраст, фигуративна од нефигуративна композиција и да применува и усовршува различни сликарски техники при сликање по сеќавање и по сопствена замисла;
3. да разликува ахроматски тонови и светло-темен контраст во графички творби и да применува различни графички техники и постапки;
4. да разликува продукти од графичкиот дизајн и да креира идејни решенија и продукти од графичкиот дизајн на дадени мотиви и по сопствена замисла.

Ученикот/ученичката ќе:

1. развива имагинација и креативност при творењето на ликовни творби;
   - развива способност за естетска проценка на ликовни дела и ученички творби.

</td></tr>
<tr><td>

**Содржини (и поими):**

</td><td>

**Стандарди за оценување:**

</td></tr>
<tr><td>

- **Цртање и цртачки техники** (линија, линиски вредности, текстура, тон, цртачка техника, плоштина, интензитет, шрафура, контура, форма, пастел)

</td><td>

- Прави разлика на линиски вредности и линеарни густини во природниот простор.
- Создава композиција со комбинирање на линии, густини на линии, текстури, тонски вредности и големини.

</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | • Применува линии во различни насоки, густини и интензитет (шрафура) при добивање различни тонски вредности.<br>• Применува линиски вредности и различни постапки преку техника пастел.<br>• Го интерпретира значењето на сопствената изработка – цртеж.<br>• Користи графички компјутерски програми за цртање цртеж според фотографија. |
| • **Сликање и сликарски техники** (тон, тонски скали, валер, хроматски и ахроматски бои, топли и студени бои, хармонија и контраст на бои, комплементарен контраст, портрет, автопортрет, фигуративен израз, нефигуративен израз, апстрактни форми) | • Препознава тон/валер во ликовно дело/ученичка творба.<br>• Разликува ахроматска од хроматска тонска скала и користи тонска скала на боја во слика.<br>• Прави разлика меѓу топли и студени бои.<br>• Применува топли/студени бои.<br>• Разликува хармонија од контраст на бои.<br>• Применува хармонија со комбинирање на бои.<br>• Користи графички компјутерски програми за изработка на слика со комплементарен контраст.<br>• Применува фигуративен и нефигуративен израз.<br>• Користи апстрактни форми при сликање по сопствена замисла.<br>• Го интерпретира значењето/симболиката на сопствената апстрактна слика. |
| • **Графика и графички техники** (контраст, ахроматски тонови, плоха, гипсорез, колаграфија, текстура, висок печат, длабок печат) | • Разликува ахроматски тонови и светло-темен контраст.<br>• Ученикот создава графичка творба со примена на светло-темен контраст (линеарен и плошен).<br>• Применува техника на висок печат (со матрица во гипсорез) за изработка на графички отпечаток. |

| | |
|---|---|
| | • Применува графичка техника колаграфија за изработка на графички отпечаток (висок/длабок печат или комбинација). |
| • **Дизајн и визуелни комуникации во 2Д** (графички дизајн, дизајн на книга, корица, илустрација, флаер, банер, текст, орнамент, стилизација, ритам) | • Разликува продукти од областа на графичкиот дизајн: дизајн на книга, флаер и банер.<br>• Применува орнамент во сопствена творба.<br>• Креира идејно решение за корица и илустрација.<br>• Го интерпретира значењето и пораката на сопствената творба.<br>• Користи графички компјутерски програми за креирање на идејно решение за флаер или банер. |

## I (ПРВА) СОДРЖИНА - ЦРТАЊЕ И ЦРТАЧКИ ТЕХНИКИ

**ПОИМИ** - линија, линиски вредности, текстура, тон, цртачка техника, плоштина, интензитет, шрафура, контура, форма, пастел.

**ПРВА АКТИВНОСТ**

- Учениците воочуваат и препознаваат линиски вредности и густина на линии на геолошки наслојки и други природни појави (со набљудување во природа или преку фотографија и други нагледни средства) и цртаат со комбинирање на техниките молив, јаглен и фломастер.

**БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС**

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ** – Прави разлика на линиски вредности и линеарни густини во природниот простор.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛИШЕН ДВОР, УЧИЛНИЦА

**ОПРЕМА И СРЕДСТВА**

- листови од блок бр. 4 или бр.5, молив (B и HB), јаглен, фломастер;
- соодветни фотографии и други нагледни средства, книги, енциклопедии, постери.

## ТЕК НА АКТИВНОСТА

**ВОВЕДЕН ДЕЛ – активирање на визуелните перцепции**

Наставникот, заедно со учениците, излегува на краток разглед во дворот на училиштето каде набљудуваат разлики во линиските вредности и линеарните густини во природниот простор – на пример кај облаците, дрвјата (кора, стебло, гранки и сл.) и други природни појави што можат да се забележат во дадениот момент и простор. Потоа, во училницата, на претходно подготвени нагледни средства (фотографии, прикази на пресеци од дрва или вистински примероци, со различни густини на прстењата на годовите, како и геолошки наслојки на почва со различни дебелини и густини на линии), наставникот заедно со учениците дискутира и го насочува нивниот фокус кон перцепција на деталот во целината, согласно задачата.

**ГЛАВЕН ДЕЛ – индивидуално творештво по сопствена замисла**

Учениците започнуваат да творат композиција од линии со различни вредности и густини и прикажуваат по сопствена замисла геолошки наслојки или други природни појави со комбинирање на ликовните техники молив, јаглен и фломастер. Комбинирањето на ликовни техники ги прилагодуваат кон сопствената идеја, со кои цртаат линии со различни вредности (тенки, дебели, меки, остри, бледи, јаки, интензивни и сл.). Линиите ги компонираат во густи и ретки за да добијат потемни и посветли полиња и за да прикажат различни квалитети на гелошки наслојки и природни појави.

**ЗАВРШЕН ДЕЛ – презентација на ликовната творба**

Секој ученик ја презентира сопствената ликовна творба пред останатите ученици. На творбата ги објаснува линиите, каква вредност на линија користел и каков ефект постигнал со истите, кои техники ги користел и како/зошто ги комбинирал. Заедно со наставникот поведуваат дискусија за тоа кој ликовен материјал е најпогоден/најсоодветен за оваа задача и сл.

## РЕФЛЕКСИЈА

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1. Што цртавте денес и кои ликовни материјали ги комбиниравте и како?
2. Кој дел од активноста ви беше најинтересна?
3. Што научивте за линијата како изразно средство во уметноста?

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

• Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
• Практичната активност за време на часот (учество во активностите);
• Изработените индивидуални ликовни творби;
• Самостојно избирање на мотив со кој ќе ја претстави сопствената замисла/ идеја;

Според стандардот за оценување: Прави разлика на линиски вредности и линеарни густини во природниот простор, наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да разликува линиски вредности и линеарни густини во природата (жива и нежива).
- да ги применува линиските вредности и линеарни густини во сопствена творба.
- да комбинира ликовни техники: молив, јаглен и фломастер.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира:

а) со предметот Географија, преку нагледни средства и знаења стекнати за геолошките наслојки и природни појави.

б) со предметот Биологија, преку нагледни средства и знаења стекнати за жива и нежива природа.

## ВТОРА АКТИВНОСТ

- Учениците ахроматски цртаат мотив Мртва природа и притоа изразуваат градација на тон и контраст светло-темно со јаглен.

## БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ** – Создава композиција со комбинирање на линии, густини на линии, текстури, тонски вредности и големини.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛНИЦА

## ОПРЕМА И СРЕДСТВА

- листови од блок бр. 4 или бр. 5, јаглен;
- репродукции од уметнички дела, ученички творби, фотографии на кои се прикажани мотиви на мртва природа;
- елементи за поставување на мртва природа: предмети, овошје, зеленчук, садови, платна и др.

## ТЕК НА АКТИВНОСТА

**ВОВЕДЕН ДЕЛ – активирање на предзнаењата и перцепциите**

Наставникот заедно со учениците ги разгледуваат претходно поставените нагледни средства, репродукции од уметнички дела, ученички творби, фотографии на кои се прикажани мотиви на мртва природа, ги активира предзнаењата од претходните циклуси на образование: што е мртва природа во уметноста, што е градација на тон и контраст светло-

темно, како тие можат да се прикажат на ликовна творба со техниката јаглен. Потоа наставникот заедно со неколку ученици ги аранжира елементите на мртвата природа и им ја задава задачата. Го определува и ликовниот материјал (јаглен).

**ГЛАВЕН ДЕЛ – индивидуално творештво по модел**

Учениците започнуваат да творат цртајќи ја поставената мртва природа. Користат јаглен, линии со различни вредности и густини, и тонска градација за да прикажат светло темно. Линиите ги компонираат во густи и ретки за да добијат потемни и посветли полиња, да прикажат рапаво, мазно, сјајно, меко и др. На ликовната творба елементите од мртвата природа ги цртаат со визуелните разлики на тонските вредности и големини.

**ЗАВРШЕН ДЕЛ – презентација на ликовната творба**

Секој ученик ја презентира сопствената ликовна творба пред останатите ученици. Го објаснува процесот на творење и сопствените искуства за цртање по модел, цртање со јаглен и др. Во училницата, на пано, поставуваат изложба на ликовните творби.

**РЕФЛЕКСИЈА**

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1. Што цртавме денес?
2. Како со линии прикажавте рапаво, мазно, сјајно, меко?
3. Што научивте за визулените разлики на тонските вредности и големини?

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите);
- Изработените индивидуални ликовни творби;
- Успешност и вештина за користење на ликовниот материјал и техника;

Според стандардот за оценување: Создава композиција со комбинирање на линии, густини на линии, текстури, тонски вредности и големини, наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- Да создава композиција.
- да ги применува линии, текстури, тонски вредности и големини во сопствена творба.
- да користи ликовна техника: јаглен.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

**МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА**

Оваа наставна содржина може да се интегрира:

а) со предметот Физика, преку нагледни средства и знаења за својствата на светлината, спектарот и сл.

б) со предметот Биологија, преку знаења стекнати за живата и нежива природа.

## ТРЕТА АКТИВНОСТ

- Учениците цртаат мотиви од урбана средина и прикажуваат плоштини со различна тонска вредност и употребуваат линии со различен интензитет и испреплетеност (шрафура), користејќи различни цртачки техники (молив, туш, фломастер).

**БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС**

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ** – Применува линии во различни насоки, густини и интензитет (шрафура) при добивање различни тонски вредности.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛНИЦА

**ОПРЕМА И СРЕДСТВА**

- листови од блок бр. 4 или бр. 5, јаглен.
- репродукции од уметнички дела, ученички творби, црно-бели фотографии на кои се прикажани мотиви на урбана средина, градови, висококатници, повеќеслојни градби во далечина, сивило на загаден град и сл.
- ахроматски тонски скали добиени со помош на шрафура.

**ТЕК НА АКТИВНОСТА**

**ВОВЕДЕН ДЕЛ – активирање на предзнаењата и перцепциите**

Наставникот поведува разговор за животот во урбаната средина, во големите градови и метрополи, за животот помеѓу бетонот и асфалт, за видиците со градби и висококатници кои се простираат до недоглед... Потоа ги насочува учениците да ги разгледаат црно-бели фотографии на градови-метрополи, да ги забележат тонските градации, светлите и темните плоштини на зградите, нивните геометриски форми, деталите на фасадите, мостовите, кулите, силуетите на далечните градби и сл.. Заедно ги разгледуваат и дискутираат за нагледните репродукции од уметнички дела кои обработуваат слични теми и мотиви, како и на ученички творби. Разговорот се насочува како тонските градации се менуваат кај градбите кои се поблиску од оние кои се подалечни од местото на гледиште. Се потсетуваат како може преку линија, со шрафура, да се добијат посветли и потемни плоштини.

**ГЛАВЕН ДЕЛ – индивидуално творештво**

Учениците започнуваат да творат користејќи молив, туш или црн фломастер. Најнапред наставникот ги насочува да ги исцртуваат контурите на градбите, а потоа добиените плоштини постепено да ги исполнуваат со шрафирање, со кое ги пополнуваат плоштините на градбите со посветли и потемни тонови. Со цртачкиот материјал исцртуваат различни густини на линии и линии во различни насоки и интензитет, паралелни линии, поретки,

погусти, линиите кои ги вкрстуваат во две или повеќе насоки, со што ги постигнуваат тонските разлики, градации за да прикажат визуелен ефект на сиви нијанси и црно.

**ЗАВРШЕН ДЕЛ – презентација на ликовната творба**

Учениците ги презентираат сопствените ликовиа творби пред останатите ученици. Секој од нив објаснува како и зошто користел шрафура. Како ги добил најсветлите, а како најтемните плоштини. Го објаснува процесот на творење според сопствено видување на урбан град/метропола, за загадувањето, бетонот и асфалтот, за животот на човекот во сивилото на загадениот град.

**РЕФЛЕКСИЈА**

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1. Што цртавте денес по сопствено видување?
2. Како ги исполнивте плоштините со шрафура?
3. Што научивте за тонските разлики и визуелните ефекти на сивите нијанси и црната боја?

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите);
- Изработените индивидуални ликовни творби;
- Успешност и вештина за користење на ликовниот елемент линија и шрафура.

Според стандардот за оценување: Применува линии во различни насоки, густини и интензитет (шрафура) при добивање различни тонски вредности.

Наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да создава композиција по сопствена замисла;
- да применува линии со различни правци густини и интензитет;
- да користи шрафура за приказ на различни тонски вредности;
- да користи ликовни техники: молив, туш или фломастер

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

**МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА**

Оваа наставна содржина може да се интегрира:

а) со предметот Граѓанско образование, Екологијата и сл.

**ЧЕТВРТА АКТИВНОСТ**

- Учениците цртаат на слободна тема, применувајќи различни видови линии и тонови во една боја, во техника пастел. Притоа истражуваат постапки за добивање на линиски

вредности со забришување со крпче, памук, гума и сл. Потоа го интерпретираат значењето на својата изработка.

**БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС**

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ –** Применува линиски вредности и различни постапки преку техника пастел. Го интерпретира значењето на сопствената изработка – цртеж.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА –** УЧИЛНИЦА

## ОПРЕМА И СРЕДСТВА

- листови од блок бр.4 или бр.5, пастел.
- крпче, памук, гума и сл.
- блутут/безжичен звучник или друг уред за репродукција, сплет на инструментални музички фрагменти со променлив ритам, темпо, интензитет.

## ТЕК НА АКТИВНОСТА

**ВОВЕДЕН ДЕЛ – активирање на визуелните перцепции**

Наставникот поведува разговор за линијата како изразно средство за прикажување на визуелните и видливите нешта. Потоа дискусијата се проширува на тоа како уметноста – и визуелната и аудитивната – има моќ да прикаже и невидливи нешта, како што се емоциите и пораките што уметникот сака да ги сподели. Дека тоа може да се постигне преку карактерот, интензитетот, насоката и бојата на линиите, а во музиката преку ритам, темпо и други елементи. Наставникот повикува неколку ученици на табла, им дава креда и им задава задача да нацртаат „среќна линија“, „тажна линија“, „осамена“, „гневна“, „исплашена“ и други. Учениците можат и самите да предложат емоционална состојба и да исцртаат линија која, според нив, најдобро би ја изразила.

**ГЛАВЕН ДЕЛ – индивидуално творештво по сопствена замисла**

Учениците седнуваат и го подготвуваат ликовниот материјал. Наставникот ги замолува да се опуштат, да ги затворат очите и да ја послушаат музиката која им ја подготвил. Додека тече музиката, наставникот ги насочува учениците да ја слушаат и доживеат музиката, да разберат дека музиката може да биде инспирација за уметничко дело. Кога ќе заврши музиката ги запрашува какви чувства предизвикала кај нив, кои емоционални состојби според нив преку инструменталната музика ги претставил композиторот. Повторно ја пушта музиката и ги насочува учениците во своите мисли мелодијата да ја замислат како линија или линии, кои имаат боја, интензитет, насока, форма... линии кои се одминуваат или се испреплетуваат, линии кои изразуваат некоја нивна емоција/доживување/асоцијација и сл. Кога музиката ќе биде пуштена по трет пат, паралелно додека тече, учениците започнуваат да цртаат линии по сопствена замисла по доживеаното. За добивање на

различни линиски вредности работат со забришување за кое користат крпче, памук, гума и сл.  Со истите ги размачкуваат, избледуваат нацртаните линии.

**ЗАВРШЕН ДЕЛ – презентација на ликовната творба**

Учениците најнапред ги презентираат и споделуваат со останатите своите доживувања и поттикнатите емоции од мелодијата и музиката. Потоа дискутираат за можноста емоциите да бидат визуелизирани и прикажани преку линија, боја и форма во ликовната уметност, како и за поврзаноста помеѓу нивните творби, музиката, линијата и емоционалните состојби и доживувања. Се потенцира дека една ликовна творба, составена од сплет на линии и апстрактни форми, може да раскаже и прикаже неопипливи и невидливи нешта како што се емоциите и емоционалните пораки. Учениците разговараат и за пастелот и неговата изразна моќ, како и за техниките на избледување и размачкување на линиите за изразување на сопствените емоции. На крај, нивните цртежи ги изложуваат на табла или на посебно изложбено место во училницата.

**РЕФЛЕКСИЈА**

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1. Какви линии цртавте денес?
2. Дали и како музиката ве инспирираше за творештво?
3. Што научивте за пастелот и неговата изразна моќ и ликовното прикажување на емоциите?

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

• Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
• Практичната активност за време на часот (учество во активностите);
• Изработените индивидуални ликовни творби;
•Доживување и претставување на доживеаното преку ликовни изразни средства по сопствената замисла/визија;

Според стандардот за оценување: Применува линиски вредности и различни постапки преку техника пастел. Го интерпретира значењето на сопствената изработка – цртеж.
Наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да применува линиски вредности за приказ на емоции;
- да твори по сопствена замисла/доживување;
- да користи техника пастел;
- да примиенува различни постапки на работа во техниката пастел.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

**МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА**

Оваа наставна содржина може да се интегрира:

а) со предметот Музичко образование преку насочено слушање и доживување на инструментална музика/сплет од музички фрагменти.

## ПЕТТА АКТИВНОСТ

- Учениците индивидуално избираат една фотографија. Со помош на графички компјутерски програми ги цртаат контурите на формите во композицијата, а потоа површините ги исполнуваат со различни шрафури (по примерот на Рој Лихтенштајн).

**БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС**

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ** – Користи графички компјутерски програми за цртање цртеж според фотографија.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛНИЦА

**ОПРЕМА И СРЕДСТВА**

- Компјутер, таблет/мобилен телефон, проектор, дигитален фотоапарат, паметна табла, печатач и сл;
- Хартии за принтање;
- Интернет, графички апликации и образовни софтвери;
- Испечатени или дигитални прикази на дела на Рој Лихтенштајн.

**ТЕК НА АКТИВНОСТА**

**ВОВЕДЕН ДЕЛ – активирање на визуелните перцепции**

Наставникот ги воведува во часот преку прашања за фотографските апарати, мобилните, за искуствата кои ги имаат учениците за создавање на фотографии, портрети и автопортрети/селфи. За тоа кои апликации ги користат на своите уреди за да изменат, доцртаат или избришат делови од фотографиите. Кои алатки ги користат при исцтување на линии, со кои алатки бојат, кои ги користат за посебни ефекти. Наставникот ги прикажува подготвените примери од Рој Лихтенштајн, заедно ги опишуваат примерите, дискутираат за линиите боите, шрафурите кои ги користел при приказ на портрети или делови од човечки ликови.

**ГЛАВЕН ДЕЛ – индивидуално творештво по сопствена замисла**

Секој ученик, индивидуално на својот уред или на уред со кој располага училиштето избираат една фотографија на која е прикажан човечки лик, портрет/автопортрет. Потоа со помош на алатка за цртање од графичкиот програм во посебен леер ги цртаат контурите на ликот. Леерот со оригиналната фотографија го исклучуваат, а потоа со друга алатка за боење, површините ги исполнуваат со шрафирање или одбираат готови шрафури (patterns), инспирирани од примерите на делата на Рој Лихтенштајн. Учениците ги печатат

оригиналните/почетните фотографии и своите креации на печатач во боја. Двата отпечатока ги поставуваат/лепат едно до друго на некоја подлога (картон, парче хамер и сл.).

**ЗАВРШЕН ДЕЛ – презентација на ликовната творба**

Наставникот ги повикува учениците да излезат на табла и да ги презентираат своите творби. Да го објаснат процесот на создавање на својата творба, кои бои, кои компјутерски програми или апликации, кои дигитални алатки и ефекти ги користеле во текот на работата. Потоа да прикажат пред останатите паралелно/споредбено фотографиите со нивните креации. На крајот на часот наставникот им предложува ликовните творби да ги спојат во голема книга, или папка/портфолио која ќе ја посветат на уметникот кој ги инспирирал (Рој Лихтенштајн).

## РЕФЛЕКСИЈА

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1. Што користевме за цртање денес?
2. Кој дел од активноста ви беше најсложен?
3. Што научивте за Рој Лихтенштајн?

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

• Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
• Практичната активност за време на часот (учество во активностите);
• Користење на графички компјутерски програми и дигитални алатки.

Според стандардот за оценување: Користи графички компјутерски програми за цртање цртеж според фотографија.

Наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да користи графички компјутерски програми и нивни алатки за цртање и шрафирање;
- Да црта цртеж според фотографија;
- да твори според примери од историјата на уметност;
- да користи разни дигитални можности, софтвери на различни уреди (таблети, мобилни, печатачи и др.).

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира:

а) со предметот Информатика, преку искористување на дигиталните вештини на пребарување интернет и ВЕБ, како и користење на дигиталната писменост и компјутерски вештини во ликовното творештво.

## II (ВТОРА) СОДРЖИНА - СЛИКАЊЕ И СЛИКАРСКИ ТЕХНИКИ

**ПОИМИ -** тон, тонски скали, валер, хроматски и ахроматски бои, топли и студени бои, хармонија и контраст на бои, комплементарен контраст, портрет, автопортрет, фигуративен израз, нефигуративен израз, апстрактни форми

### ПРВА АКТИВНОСТ

- Учениците ги препознаваат и споредуваат тоновите/валерите во дела од познати уметници (Пол Кле, Виктор Вазарели) или ученички творби.

**БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС**

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ** – Препознава тон/валер во ликовно дело/ученичка творба.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛНИЦА

**ОПРЕМА И СРЕДСТВА**

- Листови Блок бр.4 или бр.5, четки за темперни/акрилни бои или гваш техника
- Акрилни/темперни бои, материјали за гваш техника;
- Репродукции од уметнички дела или монографии од уметници (на пр. од Пол Кле, Виктор Вазарели), ученички творби, книги од историјата на уметноста и др.
- Презентација за паметна табла со приказ на делата на Пол Кле, Виктор Вазарели и сл.

**ТЕК НА АКТИВНОСТА**

**ВОВЕДЕН ДЕЛ – активирање на визуелните перцепции**

Наставникот ги прашува за тоа што е тон, што е валер. Бара да ообјаснат со свои зборови како се дефинирани во уметноста. Им објаснува преку нагледни средства дека во уметноста тие се користат во сликарството. Им покажува репродукции и ученички творби на кои се застапени тонот и валерот. Им ги кажува имињата на уметниците и насловите на делата. На паметната табла пушта куса презентација или видео со дела на Пол Кле и Виктор Вазарели.

**ГЛАВЕН ДЕЛ – индивидуално творештво по примери**

По презентацијата/разгледувањето на репродукциите, учениците ги препознаваат и споредуваат тоновите/валерите на делата. Постоа се насочуваат да создадат композиција по сопствена замисла инспирирана од делата на реномираните уметници, на која на сличен начин ќе користат тон/валер. Најнапред со молив исцртуваат слица/цртеж, а потоа во сликарска техника акрилни/темперни бои или гваш, сликаат творба по сопствена замисла, во стилот на Пол Кле и Виктор Вазарели.

**ЗАВРШЕН ДЕЛ – презентација на ликовната творба**

Наставникот поведува разговор и дискусија на која учениците го дефинираат тонот/валерот, истиот го препознаваат на ликовното дело и на ученичките творби на соучениците.

**РЕФЛЕКСИЈА**

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1. Што сликавте денес?
2. Дали јасно препознавте тон/валер?
3. Дали сликавте во стилот на Пол Кле или Виктор Вазарели?

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

• Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
• Практичната активност за време на часот (учество во активностите);
• Користење на репродукци како за примери.

Според стандардот за оценување: Препознава тон/валер во ликовно дело/ученичка творба. Наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да препознава тон/валер во ликовно дело;
- да препознава тон/валер во ликовно- ученичка творба;
- да твори по сопствена замисла и по примери;
- да користи тон/валер во сликарски техники акрилни/темперни, гваш.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

**МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА**

Оваа наставна содржина може да се интегрира:

а) со предметот Физика, во темата за светлината, тон и валер во природата или во лабораторија.

**ВТОРА АКТИВНОСТ**

- Учениците разгледуваат тонски скали и разликуваат ахроматски од хроматски тонски скали на бои. Потоа, со користење на различни тонски скали сликаат пејзаж по сеќавање, на мотив: **Мугра, Квечерина, Залез** и сл., со примена на темперни бои, водени бои или гваш техника.

**БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС**

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ** – Разликува ахроматска од хроматска тонска скала и користи тонска скала на боја во слика.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛНИЦА

**ОПРЕМА И СРЕДСТВА**

- листови од блок бр.4 или бр.5, четки за темперни/акрилни бои или гваш техника;
- акрилни/темперни бои, материјали за гваш техника;
- нагледни средства со приказ на ахроматски и хроматски тонски скали;
- репродукции од дела на кои се користени ахроматски и/или хроматски тонски скали.

**ТЕК НА АКТИВНОСТА**

**ВОВЕДЕН ДЕЛ – активирање на визуелните сеќавања**

Наставникот ги насочува учениците да ги набљудуваат двете тонски скали (ахроматската и хроматската). Заедно дискутираат и доаѓаат до заклучок за основната разлика помеѓу нив или помеѓу тоновите на секоја скала поединечно, притоа користејќи претходни знаења и ликовен јазик. Заедно предлагаат мотив од природата да се искористи за инспирација, кој може да биде насликан со ахроматски или хроматски тонови и која техника е најпогодна за сликање на истиот. На пр. некој пејзаж по сеќавање, на мотив: „Мугра“, „Квечерина“, Залез и сл. Учениците се подготвуваат за активноста.

**ГЛАВЕН ДЕЛ – индивидуално творештво по сеќавање**

Секој ученик одбира мотив кој ќе го претстави, како и техника во која ќе твори. Самостојно црта скица по сопствена замисла или сеќавање и започнува со сликање. Наставникот им помага на учениците со насоки за реализација на нивната идеја. Одговара на прашања и дава објаснувања околу техниката и постапките на сликање. Се грижи учениците да ги запазуваат хигиено-техничките постапки и навики при работата со сликарскиот материјал.

**ЗАВРШЕН ДЕЛ – презентација на ликовната творба**

Учениците ја претставуваат својата ликовна творба, го кажуваат мотивот, видот на тонска скала која ја користеле и како течел процесот на сликање. Ги кажуваат своите лични искуства и потешкотии со кои се сретнале за време на часот. Предлагаат и други теми и мотиви кои во иднина би ги прикажале со тонските скали и кои други ликовни техники би можеле да ги користат за таа цел.

**РЕФЛЕКСИЈА**

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1. Што сликавте денес?
2. Кој мотив го одбравте и зошто?
3. Што научивте ново за ахроматската и хроматските тонските скали?

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

• Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;

• Практичната активност за време на часот (учество во активностите);
• Користење на тонски скали во сликање;

Според стандардот за оценување: Разликува ахроматска од хроматска тонска скала и користи тонска скала на боја во слика.

Наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да препознава и разликува ахроматска од хроматска тонска скала;
- да користи тонска скала на боја во слика;
- самостојно да одбира мотив;
- да користи сликарски техники и средства.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира:

а) со предметот Музичко образование, преку споредби на тонските скали во ликовниот израз со тонските скали (дуска, молска) во музиката.

## ТРЕТА АКТИВНОСТ

- Учениците во кругот на боите ги разликуваат топлите од студените бои. Потоа, идентификуваат топли и студени бои во опкружувањето (во училницата, во училишниот двор и сл.).

## БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС

- **СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ** – Прави разлика меѓу топли и студени бои.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛНИЦА, УЧИЛИШЕН ДВОР

## ОПРЕМА И СРЕДСТВА

- Шематски приказ на круг на бои;
- Подготвени пликови со потребниот материјал.

## ТЕК НА АКТИВНОСТА

**ВОВЕДЕН ДЕЛ – активирање на перцепциите**

На почетокот на часот, учениците се потсетуваат и ги повторуваат поделбите на бои: првостепени и второстепени, како и кои бои спаѓаат во секоја група. Потоа наставникот на таблата го поставува кругот на бои (на паметната табла истиот може да биде прикажан во

дигитален формат). Учениците на кругот на бои ги идентификуваат првостепените и второстепените бои, објаснувајќи како се добиваат второстепените бои и кои две првостепени бои се мешаат за да се добие секоја од нив.

Следува разговор со учениците за топлите и студените бои: кои бои им асоцираат на студенило, мраз или студ, а кои на сонце, топлина или оган. Со овие насоки, наставникот ги води кон заклучокот кои бои од кругот се нарекуваат студени, а кои топли. Во училницата учениците пронаоѓаат предмети, постери, репродукции и ученички творби, а можат и во дворот на училиштето да ги набљудуваат студените и топлите бои. На крај, ги именуваат и јасно ги набројуваат студените и топлите бои.

**ГЛАВЕН ДЕЛ – групно творештво**

Учениците се поделени во мали групи, секоја група добива во плик во кој се наоѓа претходно подготвен материјал од страна на наставникот: парче отсечен картон (дел од круг) и по една темперна боја и четки. Учениците го бојат парчето картон со дадената темперна боја. Откако сите парчиња картон во сите групи се обоени во определената боја, учениците ги земаат и ги компонираат на хамерот во голем круг на бои, според нагледното средство.

**ЗАВРШЕН ДЕЛ – презентација на ликовната творба**

Големиот круг на бои потоа го лепат на заеднички хамер кој ќе го поставаат на видно место во училницата. (Овој хамер ќе послужи за идни активности). На крајот на часот одговараат на прашања, повторуваат и ги именуваат боите, ги класифицираат - кои бои се нарекуваат студени, а кои топли.

**РЕФЛЕКСИЈА**

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:
1. Што изработивме денес?
2. Кој дел од работата во група ви беше најинтересна?
3. Што научивте за разликата помеѓу студените и топлите бои?

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

• Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
• Практичната активност за време на часот (учество во активностите);
• Користење на претходни стекнати знаења за стекнување на нови.

Според стандардот за оценување: Прави разлика меѓу топли и студени бои.
Наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да разликува топли од студени бои;
- да набројува топли и студени бои;
- да твори во група.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира:
а) со предметот Физика преку споредување на поимите топло-студено.

## ЧЕТВРТА АКТИВНОСТ

- Учениците поделени во парови одбираат композиција од познат уметник. Потоа едниот ученик ја слика композицијата со топли бои, а другиот ја слика истата композиција со студени бои (со темперни или акрилни бои). Потоа паровите ги презентираат композициите пред паралелката и сите заедно ги споделуваат впечатоците кои ги оставаат врз нив топлите/студените бои.

**БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС**

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ –** Применува топли/студени бои.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА –** УЧИЛНИЦА

## ОПРЕМА И СРЕДСТВА

- шематски приказ на круг на бои;
- репродукции од уметнички дела;
- листови од блок бр.4 или бр.5, молив (B и HB), темперни бои или акрилни бои, четки.

## ТЕК НА АКТИВНОСТА

**ВОВЕДЕН ДЕЛ – активирање на перцепциите**

На кругот на бои кој е поставен во училницата (изработен на една од претходните активности) учениците ги повторуваат знаењата за боите, за светлите и темни бои, на што асоцираат и според што ги добиле тие имиња/називи. Наставникот им покажува репродукции на композиции/слики од реномирани уметници-сликари. Учениците ги разгледуваат, ги покажуваат студените/топлите бои на истите.

**ГЛАВЕН ДЕЛ – творештво по мотив**

Учениците се делат на парови и секој пар одбира по една композиција од познат уметник. Се договараат меѓусебно кој од парот ќе слика со студени, а кој со топли бои. Одбраната композиција ја земаат за модел, со молив го исцртуваат истиот мотив, но едниот ја бои/слика со студени бои, а другиот ја бои композицијата со топли бои (со темперни или акрилни бои).

**ЗАВРШЕН ДЕЛ – презентација на ликовната творба**

Сите парови ги презентираат своите творби. Секој пар заедно го презентира насликаниот мотив, кој е ист, но обоен во различни бои. На крајот од часот сите заедно дискутираат за своите искуства, ги споделуваат впечатоците кои ги оставаат врз нив топлите/студените бои. Даваат предлози за мотиви кои би ги насликале на некоја идна активност.

**РЕФЛЕКСИЈА**

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1. Какви композиции сликавме денес?
2. Кој дел од активноста во пар ви беше најкорисна?
3. Што научивте за примената на топлите и студените бои?

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

• Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
• Практичната активност за време на часот (учество во активностите);
• Користење на претходно стекнати знаења за примена на ликовна творба.

Според стандардот за оценување: Применува топли/студени бои.

Наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да применува топли и/или студени бои;
- да користи композиција од познат сликар за мотив за сопствена творба,
- да твори во пар.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

**МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА**

Оваа наставна содржина може да се интегрира:

а) со предметот Македонски/Албански/Турски/Српски/Босански јазик преку презентирање, одговарање на прашања, користење на богатство на поими, вокабулар, ликовен јазик.

**ПЕТТА АКТИВНОСТ**

- Учениците разгледуваат примери на дела од познати уметници (на пр. Клод Моне, Ван Гог, Џорџија О'Киф и др.) и на истите идентификува хармонија на бои.

**БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС**

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ –** Разликува хармонија од контраст на бои.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛНИЦА

**ОПРЕМА И СРЕДСТВА**

- Репродукции (испечатени или slide show) од уметнички дела (на пр. Клод Моне, Ван Гог, Џорџија О'Киф и др.);
- Компјутер, таблет/мобилен телефон, проектор, дигитален фотоапарат, (апликации), паметна табла, печатач и сл.

## ТЕК НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДЕН ДЕЛ – активирање на перцепциите

Наставникот ги поттикнува учениците на дискусија и ги прашува што претставува контраст, а што хармонија, како тие се користат во секојдневниот живот. Ги потсетува дека овие поими се користат и во ликовниот јазик: контраст и хармонија. Заедно со учениците, тој ги идентификува контрастните и хармоничните бои и ги покажува на кругот на бои поставен во училницата или кабинетот.

### ГЛАВЕН ДЕЛ – индивидуално истражување

За овој час, учениците ќе истражуваат на интернет за контрастот и хармонијата на бои во уметноста на познатите мајстори во сликарството. Наставникот им презентира дела во хартиена или дигитална форма – испечатени репродукции, енциклопедии или монографии на уметници како Клод Моне, Ван Гог, Џорџија О'Киф и други. Потоа ги насочува на интернет, користејќи компјутер, таблет или друго, да истражуваат на оваа тема. Податоците ги запишуваат на два листа/фајла во Word: еден со наслов „Контраст“, а вториот „Хармонија“. Наставникот им објаснува како да симнуваат датотеки и како да внесуваат податоци во Word документот.

Учениците на текстовите даваат и коментари и сопствени размисли за тоа како контрастот и хармонијата влијаат на перцепцијата на сликата, дали и како тие се видливо разликуваат и како можат да се дефинираат.

### ЗАВРШЕН ДЕЛ – презентација на истражувањето

Учениците ги печатат своите фајлови, ги читаат и презентираат пред останатите. Со свои зборови го објаснуваат начинот и процесот на пребарување на интернет, симнувањето на датотеки, подготовка на фајлот и материјалот за печатење и сл. Потоа фајловите со наслов „**Хармонија и Контраст**“ ги класифицираат во две купчиња и ги сместуваат во две папки, кои можат да послужат за идни активности и презентации.

### РЕФЛЕКСИЈА

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1. Што научивте денес преку делата на Клод Моне, Ван Гог, Џорџија О'Киф и др.?

2. Кој дел од активноста ви беше најкорисен?
3. Што ново научивте за разликте помеѓу хармонијата и контрастот?

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

• Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
• Практичната активност за време на часот (учество во активностите);
• Презентирање на искуствата пред аудиториум;

Според стандардот за оценување: Разликува хармонија од контраст на бои.
Наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да разликува контраст од хармонија;
- да користи интернет во истражувачки процес;
- да одбира, селектира и симнува датотеки.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

а) со предметот Информатика, преку искористување на дигиталните вештини на пребарување интернет и ВЕБ, како и користење на дигиталната писменост и компјутерски вештини во ликовното творештво.

## ШЕСТА АКТИВНОСТ

- Учениците сликаат флорални елементи со примена на хармонија на бои, со водени или темперни бои.

## БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ** – Применува хармонија со комбинирање на бои.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛНИЦА

## ОПРЕМА И СРЕДСТВА

- листови од блок бр.4 или бр.5, молив (B и HB), водени или темперни бои, четки.
- репродукции од уметнички дела, ученички творби, фотографии, списанија, книги, енциклопедии и др.

## ТЕК НА АКТИВНОСТА

**ВОВЕДЕН ДЕЛ – активирање на перцепциите**

Часот започнува со разговор кој води кон терминолошко објаснување и разбирање на поимите „флорално“ и „флорален“ елемент. За таа цел, наставникот подготвува нагледен материјал со илустративен и визуелен приказ на цвеќиња – фотографии, репродукции, ткаенини, накит, носии, енциклопедии и други материјали, каде цвеќето е прикажано во реален изглед или во стилизирана, но препознатлива форма. Заедно со учениците ги разгледуваат и објаснуваат, опишувајќи го изгледот, боите и другите карактеристики.

**ГЛАВЕН ДЕЛ – индивидуално творештво**

Наставникот ја задава задачата и ги насочува да сликаат со користење на хармонија на бои. Учениците го подготвуваат ликовниот материјал и започнуваат да цртаат скица, а потоа да бојат/сликаат творба со флорални елементи по сопствена замисла и кои по сопствен избор ги комбинираат и компонираат во композиција. За време на часот, наставникот ги поттикнува да користат, комбинираат и да мешаат бои, за да постигнат хармонија во својата творба.

**ЗАВРШЕН ДЕЛ – презентација на ликовната творба**

Учениците ги презентираат своите насликани творби. Објаснуваат што ги инспирирало да го изберат токму тој флорален елемент, која техника и кои бои ги користеле, како ги добиле боите со комбинирање и мешање и како ја постигнале хармонијата на бои во својата творба. На крајот на часот, учениците даваат идеи за следни активности каде би ја примениле хармонијата и флоралниот елемент.

**РЕФЛЕКСИЈА**

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1. Што сликавте денес?
2. Кој дел од активноста ви беше најинтересна?
3. Што научивте за флоралните елементи и нивната примена во композиција со хармонија на бои?

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

• Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
• Практичната активност за време на часот (учество во активностите);
• Презентирање на искуствата пред аудиториум.

Според стандардот за оценување: Применува хармонија со комбинирање на бои. Наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да применува хармонија:
- да комбинира бои;
- да комбинира бои за да постигне хармонија.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира:
а) со предметот Биологија, преку искористување на знаењата стекнати во изучувањето на репродуктивните делови кај растителниот свет.

## СЕДМА АКТИВНОСТ

- Учениците разгледуваат примери на дела од познати уметници (На пр. Винсент Ван Гог, Пол Гоген, Хенри Матис, Клод Моне, Лазар Личеноски) и на истите воочуваат и разликуваат контраст на бои од хармонија на бои.

**БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС**

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ** – Разликува хармонија од контраст на бои..

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛНИЦА

**ОПРЕМА И СРЕДСТВА**

• Репродукции од уметнички дела, примери на дела од познати уметници (на пр. Винсент Ван Гог, Пол Гоген, Хенри Матис, Клод Моне, Лазар Личеноски), ученички творби, фотографии, списанија, книги,енциклопеди и идруги материјали.
•Компјутер, печатач, паметна табла, проектор.
• Интернет, софтвер и програми за истражување и работа со дигитални материјали.

## ТЕК НА АКТИВНОСТА

**ВОВЕДЕН ДЕЛ – активирање на перцепциите**

Наставникот подготвува и презентира нагледни средства, кои според можностите ги прикажува во хартиена форма (репродукции, печатени материјали, енциклопедии, монографии, стручни книги и слично) или во дигитална форма – презентација на паметна табла или со проектор. На однапред одбраните репродукции, наставникот покажува примери од дела на реномирани светски и домашни сликари, каде јасно се забележува хармонија и/или контраст на бои. Преку поттикнувачки прашања ги мотивира учениците да идентификуваат и покажат контраст и хармонија и на други дела.

**ГЛАВЕН ДЕЛ – групно творештво**

Учениците се делат во две групи, а наставникот им задава задача да истражуваат на интернет, на различни веб-страници, и да симнуваат текстуални и визуелни материјали за претходно споменатите уметници. Едната група подготвува кратка презентација во

PowerPoint на тема „Хармонија на бои во делата на…“, а другата група подготвува презентација на тема „Контраст на бои во делата на…“. На првиот слајд е потребно да ја запишат и дефиницијата за секој поим.

За време на работата, двете групи можат да соработуваат и да си споделуваат текстуални или визуелни датотеки преку мејл, Вибер, Ватсап и слично. Наставникот се вклучува во истражувањето ненаметливо, преку вербални насоки, особено за техничкиот дел на изготвување на презентацијата. Учениците се договараат кој/кои од тимот ќе презентираат и на кој начин.

**ЗАВРШЕН ДЕЛ – презентација**

Претставник/ци од двете групи ја презентираат подготвената презентација на смарт табла или со проектор. Останатите ученици помагаат во техничкиот дел, се грижат за менувањето на слајдовите и други технички задачи. По завршувањето на презентациите, се отвора дискусија за содржината: што може да се додаде или промени, колку се јасни информациите, дали се видливи и разликите помеѓу контрастот и хармонијата на бои, дали текстовите се јазично и правописно точни, кои поими од ликовниот јазик се користени и други забелешки. Се договара презентациите да ги дооформат, да ги спојат во една целина и истата да ја презентираат пред ученици од друга паралелка или на друг пригоден начин.

**РЕФЛЕКСИЈА**

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1. Што подготвивте денес?
2. Кој дел од истражувачката активност ви беше најинтересна?
3. Што научивте од делата на Винсент Ван Гог, Пол Гоген, Хенри Матис, Клод Моне, Лазар Личеноски?

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

• Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
• Практичната активност за време на часот (учество во активностите);
• Презентирање на искуствата пред аудиториум.

Според стандардот за оценување: Разликува хармонија од контраст на бои.
Наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да идентификува хармонија на бои;
- да идентификува контраст на бои;
- да разликува хармонија од контраст на бои;
- да учествува во тим за подготовка на презентација.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

**МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА**

Оваа наставна содржина може да се интегрира:

а) со предметот Информатика, преку искористување на дигиталните вештини на пребарување интернет и ВЕБ, како и користење на дигиталната писменост и компјутерски вештини во ликовното творештво.

## ОСМА АКТИВНОСТ

- Учениците сликаат композиција со користење на комплеметарен контраст на бои (црвена – зелена, сина – портокалова или виолетова – жолта) со мотив портрет/автопортрет, според пример на Енди Ворхол, со користење на графички компјутерски програми.

**БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС**

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ –** Користи графички компјутерски програми за изработка на слика со комплементарен контраст.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА –** УЧИЛНИЦА

**ОПРЕМА И СРЕДСТВА**

- Компјутер, таблет/мобилен телефон, дигитален фотоапарат, (апликации), проектор, паметна табла, печатач и сл.
- Репродукции од уметнички дела, ученички творби, фотографии, списанија, книги, енциклопедии и др.

## ТЕК НА АКТИВНОСТА

**ВОВЕДЕН ДЕЛ – активирање на перцепциите**

Наставникот подготвува презентација во која кратко го претставува уметникот Енди Ворхол и ги прикажува неговите најпрепознатливи дела, кои ги презентира пред учениците. За време на презентацијата, преку прашања и одговори, се води разговор за да се потсетат учениците на претходните знаења за фотографијата, портретот и автопортретот, како и начини на интервенција врз фотографијата – цртање, доцртување или примена на дигитални ефекти со помош на апликации. Наставникот ги прашува учениците кои уреди, програми, софтвери и дигитални алатки и филтри ги користеле претходно, кои ефекти ги добиле со нив и сл. Потоа се навраќа на знаењата за контрастот и неговата примена во уметноста, при што на кругот на бои ги идентификуваат комплементарните контрасти: црвена – зелена, сина – портокалова и виолетова – жолта.

**ГЛАВЕН ДЕЛ – индивидуално творештво**

Учениците наставникот ги насочува да сликаат на компјутер или таблет/мобилен телефон, активираат графички софтвер и започнуваат да сликаат со дигиталните алатки композиција со користење на комплеметарен контраст на бои: црвена – зелена, сина – портокалова или

виолетова – жолта, со мотив портрет/автопортрет, според пример и во стилот на Енди Ворхол. Во текот на активноста наставникот им дава инструкции за употребата на графичките компјутери и нивните алатки, ефекти и филтри со кои можат да делуваат на бојата, нејзиниот интензитет, секогаш одбирајќи комплементарни бои.

**ЗАВРШЕН ДЕЛ – презентација на ликовната творба**

Учениците ги изработуваат ликовните творби – портрети и автопортрети – во компјутерски програми, во стилот на Енди Ворхол. Потоа ги печатат на печатач во боја и ги презентираат пред останатите ученици, објаснувајќи го мотивот, употребените бои, процесот на креирање на принтот и други детали. Во училницата или во холот на училиштето, тие уредуваат изложба посветена на Енди Ворхол.

## РЕФЛЕКСИЈА

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1. Што користевме денес за сликање?
2. Кој дел од дигиталниот процес од активноста ви беше најкомплексен и најинтересна?
3. Што научивте за Енди Ворхол?

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

• Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
• Практичната активност за време на часот (учество во активностите);
• Презентирање на искуствата пред аудиториум.

Според стандардот за оценување: Користи графички компјутерски програми за изработка на слика со комплементарен контраст.

Наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да применува графички компјутерски програми;
- да знае кои бои се комплементарни;
- да користи комплементарен контраст;
- да слика во стилот на познат уметник.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира со предметот Информатика, преку користење на дигитални вештини за пребарување на интернет и веб-страници, како и примена на дигитални алатки и апликации. На овој начин се овозможува и практична примена на компјутерските вештини во ликовното творештво.

## ДЕВЕТТА АКТИВНОСТ

- Учениците, поделени во мали групи/парови, креираат фигуративна композиција на мотиви од флора и фауна со колаж техника (парчиња картони, различни видови хартија, текстил и сл.).

**БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС**

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ** – Применува фигуративен израз.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛНИЦА

**ОПРЕМА И СРЕДСТВА**

- Платна, волници, парчиња картони, различни видови хартија, текстил и сл., ножички, универзално лепило.
- Репродукции од уметнички дела, ученички творби, фотографии, списанија, книги, енциклопедии и др.
- Флип чарт табла, хамер, маркери.

**ТЕК НА АКТИВНОСТА**

**ВОВЕДЕН ДЕЛ – активирање на перцепциите**

Учениците и наставникот разговараат на тема „Флора и фауна“. На хамер, поделен на два дела, едната половина е насловена „Флора“, а другата „Фауна“. Еден ученик/чка со маркер на хамерот поставен на табла ги запишува поимите што ги набројуваат останатите ученици, при што истовремено ги класифицира во двете групи – на едната половина поимите што припаѓаат на флора, а на другата поимите што припаѓаат на фауна. Наставникот им објаснува дека денешната активност ќе ја реализираат во техника колаж. Учениците вербално ја објаснуваат техниката, средствата потребни за неа и процесот на работа.

**ГЛАВЕН ДЕЛ – индивидуално творештво**

Учениците ги разгледуваат фигуративните композиции на подготвените репродукции и/или ученички творби со мотив „Флора“ и „Фауна“. Наставникот ја задава задачата за овој час, ги распределува средствата за изведба на техниката колаж и кратко ја објаснува постапката за работа. Секој ученик се определува за еден од мотивите и започнува да отсекува, лепи и постепено гради фигуративна композиција од разни делови платна, картони или нивни комбинации. Наставникот повремено ги мотивира и насочува учениците и им помага околу техничките постапки за сечење и лепење.

**ЗАВРШЕН ДЕЛ – презентација на ликовната творба**

Готовите колажи учениците ги презентираат, објаснувајќи го процесот на изработка и набројувајќи ги материјалите што ги користеле. Го кажуваат и одбраниот мотив за кој изработиле фигуративен приказ. Разговараат за техничките придобивки и потешкотии со

кои се сретнале во текот на ликовниот процес. Колажите се изложуваат на табла или на изложбено пано во училницата.

## РЕФЛЕКСИЈА

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:
1. Што претставивте денес во техника колаж?
2. Кој мотив го одбрале за активноста и зошто?
3. Што научивте за фигуративниот приказ?

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

• Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
• Практичната активност за време на часот (учество во активностите);
• Презентирање на искуствата пред аудиториум.

Според стандардот за оценување:
Применува фигуративен израз.
Наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да применува фигуративен и израз;
- да применува техника колаж;
- Да користи нестандардни материјали и постапки за работа.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира:
а) со предметот Биологија, преку искористување на знаењата стекнати во изучувањето на животинскиот и растителниот свет.

## ДЕСЕТТА АКТИВНОСТ

- Учениците сликаат нефигуративна композиција со апстрактни форми по сопствена замисла во техника по избор на ученикот (според примери од Василиј Кандински, Џексон Полок, Петар Мазев и др.). Потоа, учениците ги изложуваат своите творби и ги презентираат пред соучениците интерпретирајќи го нивното значење/симболика.

**БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС**

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ** – Применува нефигуративен израз. Користи апстрактни форми при сликање по сопствена замисла. Го интерпретира значењето/симболиката на сопствената апстрактна слика.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛНИЦА

## ОПРЕМА И СРЕДСТВА

- Листови од блок бр.4 или бр. 5, сликарски техники по избор на ученикот.
- Репродукции од уметнички дела, ученички творби, фотографии, списанија, книги, енциклопедии.
- Дигитални примери од Василиј Кандински, Џексон Полок, Петар Мазев и др.
- Паметна табла, проектор, лаптол, компјутер, образовен софтвер за презентации.

## ТЕК НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДЕН ДЕЛ – **активирање на перцепциите**

Наставникот подготвува кратка презентација со примери од реномирани светски и македонски сликари, како Василиј Кандински, Џексон Полок, Петар Мазев и други. Презентацијата ја прекинува во момент кога е прикажано едно дело со изразен нефигуративен приказ. Ги потсетува учениците на претходната активност, кога сликаа мотиви од „Флора и фауна“ користејќи фигуративен израз, и ги запрашува како ги перцепираат разликите меѓу фигуративниот и нефигуративниот израз. Потоа им го дефинира поимот „нефигуративен израз“, а учениците преку репрезентативниот визуелен пример јасно го препознаваат. На друг материјал, во хартиена форма, наставникот им покажува сликарски дела со фигуративен и нефигуративен израз, при што тие препознаваат и разликуваат. Понатаму развиваат дискусија за тоа што може да се прикаже со апстрактни форми и нефигуративен израз, каква порака можат да пренесат, дали насловот на делото му помага на гледачот да го открие значењето и симболиката, и слично.

### ГЛАВЕН ДЕЛ – **индивидуално творештво**

Учениците самостојно одбираат мотив кој преку нефигуративен израз во сликарска техника ќе го преточат во бои, форми, апстракни соодноси и др. За време на активноста, наставникот може да репродуцира ненаметлива и неасоцијативна инструментална мелодија, која ќе овозможи креативна атмосфера во училницата, и опуштеност на учениците. Во текот на сликањето наставникот целосно ги остава учениците да замислуваат, одбираат бои, апстрактни форми, изразни средства, ликовен јазик и мотив. Креативниот процес не го прекинува, освен на индивидуално барање/прашање од учениците. Секој ученик замислува и наслов на својата слика, истиот го запишува од задната страна на листот.

### ЗАВРШЕН ДЕЛ – **презентација на ликовната творба**

Секој ученик најнапред го презентира насловот на своето дело, а потоа го опишува: боите, линиите и формите. Објаснува што значат тие нефигуративни прикази за него, што „кажуваат“, „раскажуваат“ и каква порака пренесуваат. Потоа некои од учениците коментираат творба на своите соученици, наведуваат на што ги потсетува делото, со што ги асоцираат боите и какви емоции предизвикуваат. Се споредуваат двата исказа и се заклучува дека кај сликите со нефигуративен израз доживувањето не секогаш се совпаѓа меѓу сликарот и гледачот/набљудувачот. Толкувањето е субјективно, за разлика од фигуративниот израз, каде формите се препознатливи.

## РЕФЛЕКСИЈА

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1. Што сликавте денес?
2. Кој дел од активноста ви беше најкорисна?
3. Што научивте за нефигуративниот приказ и симболиката?

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

• Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
• Практичната активност за време на часот (учество во активностите);
• Презентирање на искуствата пред аудиториум;

### Според стандардот за оценување:

Применува фигуративен израз, применува нефигуративен израз, користи апстрактни форми при сликање по сопствена замисла. Го интерпретира значењето/симболиката на сопствената апстрактна слика.

Наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да применува нефигуративен и израз.
- да користи апстрактни форми.
- го интерпретира значењето/симболиката на сопствената творба.
- да разликува фигуративен од нефигуративен израз.
- да дискутира, коментира и анализира ученички творби.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира:

а) со предметот Македонски/Албански/Турски/Српски/Босански јазик преку презентирање, опишување, јасна дикција, богат речник и јасен вокабулар, со користење на ликовен јазик.

## III (ТРЕТА) СОДРЖИНА - ГРАФИКА И ГРАФИЧКИ ТЕХНИКИ

**ПОИМИ -** контраст, ахроматски тонови, плоха, гипсорез, колаграфија, текстура, висок печат, длабок печат.

## ПРВА АКТИВНОСТ

- Учениците разгледуваат примери на графички творби и создаваат цртеж-скица за графика (техника гипсорез) со ахроматски тонови и/или контраст светло-темно на зададена тема: „Пејзаж или Мртва природа“.

**БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС**

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ** – Разликува ахроматски тонови и светло-темен контраст.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛНИЦА

**ОПРЕМА И СРЕДСТВА**

- Листови од блок бр.4 или бр. 5, туш и перо, тушеви црн или во боја, четки.
- Ученички творби – скица, матрица и отпечаток од ист гопсорез.

**ТЕК НА АКТИВНОСТА**

**ВОВЕДЕН ДЕЛ – активирање на перцепциите**

Наставникот подготвува изложба од ученичи творби - графички отпечатоци од линорез изработени од ученици. На часот на учениците се потсетуваат на претходно изучените поделби, за тоа што е графика, и по што графиката се разликува од цртањето и сликањето. На ученичките творби од претходните генерации, учениците вербално ги опишуваат мотивите, бојата, контрастот на бои, ахроматските тонови и/или бои на истите, какви линии и форми има на ученичките творби и др. Наставникот им појаснува зошто техниката се нарекува гипсорез. Им покажува скица, матрица и отпечаток од истиот гипсорез. Предлага учениците на овој час да креираат скица за гипсорез која ќе ја направат во техника туш и перо и/или туш и четка.

**ГЛАВЕН ДЕЛ – индивидуално творештво**

Учениците го подготвуваат просторот и ликовниот материјал за работа. Наставникот ги поттикнува да одберат мотив по нивен избор на зададена тема: „Пејзаж или Мртва природа“. Секој ученик независно од примерот/ите и останатите ученици започнува со работа. На белиот лист учениците најнапред исцртуваат правоаголна, квадратна или аморфна форма и истата ја ограничуваат со линија. Во ограничениот простор (кој во иднина ќе ја претставува формата на матрицата од гипс) учениците со тушот и перцето/четката ја цртаат скицата. Наставникот ги насочува учениците да користат шрафура и светло-темен контраст, односно да го одржат контрастот (линеарен и плошен) меѓу белиот лист и тушот. Во текот на процесот треба да почувствуваат и да забележат дека односот обоено–необоено, боја–белина, го претставува контрастот на скицата. При изработка на матрицата, белите површини означуваат делови каде што гипсот треба да се отстрани.

**ЗАВРШЕН ДЕЛ – презентација на ликовната творба**

Учениците ги презентираат своите скици за графика, го кажуваат мотивот или темата и ги објаснуваат своите потези, линии и форми. Објаснуваат кои ликовни средства ги користеле, каде употребиле линија, а каде плоштина или шрафура. На крајот на часот се сумираат знаењата преку прашања од наставникот: што е карактеристично за графиката и графичката техника, зошто се нарекува гипсорез, што претставуваат скицата, матрицата и отпечатокот и слично. Наставникот им дава писмени упатства за наредниот час, при што им задава

домашна задача: заедно со своите родители да подготват плочи од гипс и да ја изрезбаат матрицата, соодветно на постапката за техниката гипсорез.

## РЕФЛЕКСИЈА

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1. Што создадовте денес?
2. Кој дел од активноста во изработка на скица за гипсорез ви беше најинтересна?
3. Што научивте за графичката техника гипсорез?

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

• Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
• Практичната активност за време на часот (учество во активностите);
• Презентирање на искуствата и наученото.

Според стандардот за оценување:

Разликува ахроматски тонови и светло-темен контраст, наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да разликува ахроматски тонови.
- да разликува светло-темен контраст.
- да создава скица за гипсорез.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира:

а) со предметот Техничко образование, преку искористување на вештините за работа со алат, длета и др.

## ВТОРА АКТИВНОСТ

- Учениците изработуваат графика во еден или два тона во техника гипсорез. За секој тон ученикот треба да изработи засебна графичка подлога/матрица. На изработените матрици се нанесува боја во саканиот тон со валјак. Печатењето се врши редоследно (прво посветлиот, потоа потемниот тон), според претходно изработениот цртеж.

**БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС**

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ** – Создава графичка творба со светло-темен контраст (линеарно и плошно). Применува техника на висок печат (со матрица во гипсорез) за изработка на графички отпечаток.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛНИЦА

## ОПРЕМА И СРЕДСТВА

- Листови од блок бр. 4 или бр. 5.
- Скица за гипсорез.
- Плоча гипс за матрица, валјак, ракел, метална лажица, бои за графика.

## ТЕК НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДЕН ДЕЛ – **активирање на перцепциите**

Наставникот прикажува видео за процесот на отпечатување на матрица со техниката гипсорез во училишни услови. Им објаснува зошто оваа техника се вбројува во графичките техники на висок печат. Заедно со учениците ги следат и анализираат сите етапи, чекор по чекор. Наставникот ја подготвува бојата, валјакот и ракелот и ги поставува на катедрата или на посебна маса.

### ГЛАВЕН ДЕЛ – **индивидуално творештво**

Учениците еден по еден пристапуваат со листот од блок и со својата матрица до масата за печатење. Ги следат усните инструкции на наставникот и со негова помош со валјак земаат боја и ја нанесуваат на матрицата. Потоа ја поклопуваат со хартија и со ракел или метална лажица внимателно ја тријат површината и следи откривање на отпечатокот кој го покажуваат на соучениците. Секој ученик својот отпечаток го закачува со штипки на јаже во училницата или кабинетот за да се суши.

### ЗАВРШЕН ДЕЛ – **презентација на ликовната творба**

Учениците ги презентираат своите графики. Го објаснуваат процесот на изработка на матрица, нејзиното отпечатување и добивање на графички отпечаток. Ги споделуваат своите искуства и потешкотиите со кои се соочиле при создавањето на матрицата, кој им помогнал дома и на кој начин ја отпечатиле графиката. Објаснуваат како и со која намена ги користеле секоја постапка и алатка, и слично.

## РЕФЛЕКСИЈА

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1. Што испечативте денес?
2. Кој дел од активноста ви беше најкомплексна и зошто?
3. Што научивте за графичките техники во висок печат?

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

• Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
• Практичната активност за време на часот (учество во активностите);
• Презентирање на искуствата и наученото.

Според стандардот за оценување:

Создава графичка творба со светло-темен контраст (линеарно и плошно). Применува техника на висок печат (со матрица во гипсорез) за изработка на графички отпечаток, наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да применува техника на висок печат.
- да учествува во изработка на матрица за гипсорез.
- да учествува во изработка на графички отпечаток.
- да објаснува процес за содавање графика од висок печат.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира:

а) со предметот Техничко образование, преку искористување на вештините за работа со алат, валјаци, ракел, графичка преса.

## ТРЕТА АКТИВНОСТ

- Учениците креираат матрица за печатење со употреба на техниката колаграфија. На пластична или картонска подлога се лепат материјали со различни текстури (конец, волница, дрвофикс, ткаенини, листови, хартии со различни текстури, пердуви, шмиргла, песок и сл.) за да се добие композиција составена од различни нагласени линии и текстури. На добиената површина/матрица се нанесува боја со валјак која потоа се печати на хартија (висок печат), при што се нагласуваат формите со текстура и контраст.

## БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ** – Ученикот применува графичка техника – колаграфија за изработка на графички отпечаток (висок печат).

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛНИЦА

## ОПРЕМА И СРЕДСТВА

- Листови од блок бр.4 или бр. 5.
- Универзално лепило, дрвофикс, ножици, конец, волница, дрвофикс, ткаенини, листови, хартии со различни текстури, пердуви, шмиргла, песок, ребрест картон, катронска подлога, алуминиумска фолија, груби платна, волници, јажиња и др.
- Подлога од катрон или шпер-плоча, плексиглас, пластична фолија за матрица, ножици, валјак, ракел, метална лажица, бои за графика.

## ТЕК НА АКТИВНОСТА

**ВОВЕДЕН ДЕЛ** – **активирање на перцепциите**

Наставникот ја објаснува графичката техника колаграфија, го објаснува терминот колаграфија и зошто техниката го добила тоа име. Преку неколку слајда или вербално по примерок демонстрира постапки за создавање на матрица за колаграфија. На една маса поставува материјал кој е погоден за изработка на матрица за колаграфија, како на пример: конец, волница, дрвофикс, ткаенини, листови, хартии со различни текстури, пердуви, шмиргла, песок, ребрест картон, алуминиумска фолија, груби платна, волници, јажиња. Од учениците на претходниот час наставникот им задава задача да донесат материјал за подлога за матрицата како парче катрон, шпер-плоча, тенок плексиглас или пластична фолија. Учениците треба да донесат ножици, универзално лепило и дрвофикс. Наставникот ги насочува учениците да земаат по свој избор од понудениот материјал кој постепено треба да го лепат во вид на елементи кои претходно мошат да ги туткаат, гужваат или обликуваат со ножичките.

**ГЛАВЕН ДЕЛ – индивидуално творештво**

Учениците започнуваат да ја формираат матрицата. Наставникот во текот на часот им дава дополнителни упатства и им објаснува дека материјалите како платното, картоните, шмирглите и песокот нанесен на лепилото можат да ги искористат за покривање на површини и текстури, односно за да формираат форми и плоштини. А волницата и јажето да ги искористат за формирање нагласени линии. Учениците одбраните и обликуваните материјали ги лепат во вид на колаж, во композиција по сопствена замисла. На готовата матрица учениците нанесуваат боја со валјак и ја отпечатуваат на хартија, користејќи ја техниката на висок печат (слично како кај гипсорезот). На добиениот отпечаток се прикажуваат формите со текстура, како и контрастот на формите, линиите и другите елементи.

**ЗАВРШЕН ДЕЛ – презентација на ликовната творба**

Учениците ги закачуваат и ги презентираат своите графики. Го објаснуваат процесот на правење на матрица за колаграфија, како ја изработиле матрицата, кои материјали ги користеле, како ги комбинирале, како го отпечатиле графичкиот отпечаток. Ги споделуваат своите искуства, кои материјали според нив се поефектни за оваа техника, дали имале потешкотии и како ги надминале во текот на создавање на графиката.

**РЕФЛЕКСИЈА**

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1. Што креиравте денес?
2. Кои материјали беа најпогодни за изработка на матрицата?
3. Што научивте за колаграфијата?

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Презентирање на искуствата и наученото.

Според стандардот за оценување:

Применува графичка техника колаграфија за изработка на графички отпечаток (висок печат), наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да применува графичка техника колаграфија;
- да учествува во изработка на матрица за колаграфија;
- да учествува во изработка на графички отпечаток;
- да објаснува процес за создавање графика во техника колаграфија.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира:

а) со предметот Техничко образование, преку искористување на вештините за работа со алат, длета и др.

## ЧЕТВРТА АКТИВНОСТ

- Учениците можат да ја отпечатат матрицата од колаграфија и со нанесување на контрастни бои (една боја се нанесува со ракел - за длабок печат, а втората боја со валјак - за висок печат), а потоа реализираат графички отпечаток во висок и длабок печат истовремено, но на влажна хартија.

## БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ** – Применува графичка техника колаграфија за изработка на графички отпечаток (длабок печат или комбинација на висок/длабок печат).

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛНИЦА

## ОПРЕМА И СРЕДСТВА

- Листови од блок бр.4 или бр. 5.
- Матрица за колаграфија (нова или истата од претходната активност).
- Две бои за графика (една темна една светла боја) валјак, ракел.

## ТЕК НА АКТИВНОСТА

**ВОВЕДЕН ДЕЛ – активирање на перцепциите**

Наставникот развива дискусија за графичката техника колаграфија, ги запрашува ученицте ги запрашува за постапката за добивање матрица и заедно вербално се потсетуваат и ја опишуваат претходната активност. Констатираат дека од истата е добиен графички отпечаток во техника висок печат. На учениците наставникот преку исцртани шеми им ја појаснува визуелно, разликата помеѓу високиот и длабокиот печат. Им предложува да ги отпечатат истите матрици (или нови матрици подготвени како домашна задача зададена на претходниот час), но сега во техника на длабок печат на мокра хартија. Им демонстрира

постапка на мокрење на хартијата и нанесување на боја со ракел. Го отпечатува пробниот примерок.

## ГЛАВЕН ДЕЛ – **индивидуално творештво**

Учениците ги следат насоките и според демонстрацијата на техниката пристапуваат кон мокрење на хартиите, нанесување на бојата со ракел и отпечатување на графиката. Ги оставаат графиките да се исушат во училницата (закачени на јаже со штипки или на сталак за сушење). Додека се сушат графиките, наставникот го зема неговиот отпечаток и матрица, на матрицата нанесува со валјак (висок печат), друга боја (посветла од првата) и готовиот отпечаток го поставува врз матрицата. Ја отпечатува втората боја. Со ова демострира и прикажува можност за создавање на графика во две бои, но и можноста за комбинација на двата вида техники на ист графички лист: длабок и висок печат. Учениците кои ќе изразат желба можат да ја повторат втората фаза со нивните отпечатоци.

## ЗАВРШЕН ДЕЛ – **презентација на ликовната творба**

Секој ученик ја презентира својата графика. Го објаснува процесот на правење на графичкиот отпечаток во техника колаграфија во две бои, со комбинација на висок и длабок печат. Заедно со наставникот дискутираат за различните постапки и начини и ги споделуваат различните искуства. Заклучуваат дека за графиката во две бои и комбинација на висок и длабок печат е потребно да се корситат поголеми технички вештини и прецизност. Предлагаат да постават изложба за некој настан во училиштето (патронат, гости во училиштето, важен датум и сл.) со изложување на сите графики добиени од часовите посветени на графиката како дводимензионален израз.

## РЕФЛЕКСИЈА

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:
1. Што отпечативте денес?
2. Кој дел од процесот на изработка на графичкиот отпечаток ви беше најпредизвикувачки и зошто?
3. Што научивте за разликите помеѓу висок и длабок печат?

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Презентирање на искуствата и наученото.

Според стандардот за оценување:

Применува графичка техника колаграфија за изработка на графички отпечаток (длабок печат или комбинација на висок/длабок печат), наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да применува графичка техника колаграфија.
- да учествува во изработка на графички отпечаток во далбок печат.
- да учествува во изработка на графички отпечаток во две бои со комбинирање на висок и далбок печат.
- да објаснува процес за содавање графика во техника колаграфија во две бои.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

### МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира:

а) со предметот Техничко образование, преку искористување на вештините за работа со алат, длета и др.

## IV (ЧЕТВРТА) СОДРЖИНА - ДИЗАЈН И ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ ВО 2Д

**ПОИМИ -** графички дизајн, дизајн на книга, корица, илустрација, флаер, банер, текст, орнамент, стилизација, ритам).

### ПРВА АКТИВНОСТ

- Учениците, поделени во мали групи/парови, разгледуваат различни продукти од графичкиот дизајн и ги класифицираат на: дизајн на книга (корица, илустрација), флаер и банер. Потоа, од нив креираат едукативни дијаграми/постери кои ги поставуваат во училницата и ги презентираат.

**БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС**

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ –** Разликува продукти од областа на графичкиот дизајн: дизајн на книга, флаер и банер.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА –** УЧИЛНИЦА

### ОПРЕМА И СРЕДСТВА

- Компјутер, таблет/мобилен телефон (апликации), печатач и сл.
- Хамер, фломастери, маркери, лепило, ножички и сл.
- Учебници, книги (детски, енциклопедии, романи, лектирни и други книжевни изданија) флаери и банер на училиштето.

### ТЕК НА АКТИВНОСТА

**ВОВЕДЕН ДЕЛ – активирање на сеќавањата и перцепциите**

Наставникот ги поставува на видно место банерот на училиштето, флаерите и книгите, така што јасно се гледаат и флаерите, и кориците, и илустрациите на книгите. Со учениците разговара на тема графички дизајн и преку насочувачки прашања ги потсетува на усвоените знаења од претходните образовни циклуси. Заедно ги разгледуваат и опишуваат понудените продукти од графичкиот материјал, ги именуваат, ги класифицираат во групи и добиваат насоки како, во група или пар, да создадат едукативен дијаграм или постер. На тој дијаграм/постер треба да направат визуелна класификација на трите продукти, при што јасно се воочуваат разликите помеѓу банер, флаер и книга (корица и илустрација). За реализација на активноста, наставникот ги насочува учениците да истражуваат на интернет преку пребарувачи на достапните уреди.

**ГЛАВЕН ДЕЛ – индивидуално творештво**

Учениците се групираат во мали групи или парови, започнуваат со пребарување на интернет, да симнуваат датотеки со бараните содржини, истите ги принтаат во боја. Од испринтаните листови, ги отсечуваат елементите кои им се потребни и ги лепат на хамерите во групи, класифицирано. Со фломастери и маркери ги пишуваат називите и некои основни карактеристики кои ги дознале со пребарувањето (на пр. кога настанал првиот флаер, познати имиња на илустратори и сл.). Исто така, информациите кои ги пронашле во вид на текст, учениците можат да ги отпечатат и да ги залепат или допишат со маркери во близина на илустративниот материјал.

Во текот на часот се консултираат со наставникот дали пронајдените содржини се содветни на задачата.

**ЗАВРШЕН ДЕЛ – презентација на ликовната творба**

Учениците (паровите/групите) ги поставуваат изработените дијаграми/постери во училницата и ги презентираат. Секоја група ги објаснува постапките на истражување, каде, на кој сајт пристапиле, како дошле до бараните соржини, кои дополнителни информации ги дознале/научиле.Текстуалните информации учениците може да ги прочитаат и коментираат.

**РЕФЛЕКСИЈА**

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1. Што изработивте во пар/група денес?
2. Кој дел од истражувачката активност ви беше најинтересен?
3. Што научивте за продуктите од графичкиот дизајн?

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Презентирање на искуствата и наученото.

Според стандардот за оценување:

Разликува продукти од областа на графичкиот дизајн: дизајн на книга, флаер и банер, наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да разликува продукти од областа на графичкиот дизајн;
- да разликува корица од илустрација во дизајнот на книга;
- да препознава што е флаер и негова основна функција;
- да препознава што е банер и негова основна функција.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира:

а) со предметот Информатика, преку искористување на дигиталните вештини за пребарување на интернет и користење на веб-ресурси, како и развивање на дигитална писменост и компјутерски вештини во ликовното творештво.

## ВТОРА АКТИВНОСТ

- Учениците разгледуваат примери на орнаменти од минатото (во народно творештво: ткаени и везени, на грнчаријата и сл.), на истите го забележуваат ритамот на стилизираните форми и креативно ги применуваат во својата творба на мотив: „Народната носија од мојот крај“.

## БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ** - Применува орнамент во сопствена творба.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛНИЦА, ЕТНО КАТЧЕ/ЕТНОЛОШКИ МУЗЕЈ

## ОПРЕМА И СРЕДСТВА

- Листови од блок бр.4 или бр. 5. Водени, акрилни или темперни бои, четки.
- Репродукции од уметнички дела, ученички творби, фотографии, списанија, книги, продукти со визуелен материјал и содржини од народното творештво.
- Народни носии и/или нивни делови (ткаени и везени) и грнчарија со орнаментика од минатото која е специфична за крајот во кој живеат учениците.

## ТЕК НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДЕН ДЕЛ – **активирање на перцепциите**

Наставникот заедно со учениците посетува етнолошки музеј или етнолошко катче во училиштето. На самото место се разгледуваат изложените стари, рачно изработени

предмети-грнчарија, носиите или нивните делови, орнаментиката на експонатите. Наставникот отвара дискусија за тоа кои бои се најзастапени, кои форми, ги запрашува околу стилизацијата, линиите, ритамот на формите и боите и сл. Доколку воведниот дел од часот се реализира во етнолошки музеј, тогаш активноста, ако постојат услови, продолжуваат во самиот простор. Доколку пак разгледувањето е во самото училиште, учениците се враќаат во училницата/кабинетот и ја продолжуваат активноста.

### ГЛАВЕН ДЕЛ – **индивидуално творештво**

Наставникот ја задава задачата, односно го поставува мотивот: „Народната носија од мојот крај“, а на творбата е потребно да доминираат ритамот и стилизираните форми. Учениците започнуваат индивидуално да сликаат по сеќавање. Во текот на часот, наставникот одговара на прашањата и дилемите, ги насочува учениците да внимаваат и користат автентични бои и форми кои се специфични за народните носии и орнаментиката во РС Македонија.

### ЗАВРШЕН ДЕЛ – **презентација на ликовната творба**

Во завршниот дел од часот, учениците ги презентираат насликаните носии, ги појаснуваат деталите, ритамот и орнаментиката. Доколку активноста се реализира во целост во училиштето, прават изложба посветена на „Носиите од мојот крај“ во училницата или во училишниот хол.

Насликаните творби можат и да ги фотографираат или скенираат. Овие фотографии или скенови можат да ги зачуваат и складираат во дигитален формат во датотеки кои подоцна или по потреба можат да ги искористат за презентација, ликовен конкурс и сл.

### РЕФЛЕКСИЈА

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1. Што сликавте денес?
2. Кој дел од практичната активност ви беше најинтересна?
3. Што научивте за орнаментот, орнаментиката, боите и формите во народното творештво?

### СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите);
- Презентирање на искуствата и наученото.

Според стандардот за оценување:

Применува орнамент во сопствена творба, наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да препознава орнамент на народна носија или грнчарија.
- да применува орнамент во сопствена творба.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира:

а) со предметот Историја и Географија, преку искористување на знаењата стекнати во изучувањето на народното творештво и предметите пронајдени во историските локалитети.

## ТРЕТА АКТИВНОСТ

- Учениците поделени во мали групи/парови, креираат корица и илустрација за книга по сопствен избор (поезија, проза) со помош на цртачки и сликарски техники и нивни комбинации, комбинирајќи линии, форми, бои и орнаменти. Потоа секоја група/пар ја презентира својата идеја пред соучениците, поврзувајќи ја со фрагмент од одбраното литературно дело.

**БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС**

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ** - Креира идејно решение за корица и илустрација. Го интерпретира значењето и пораката на сопствената творба.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛНИЦА

## ОПРЕМА И СРЕДСТВА

- Листови од блок бр.4 или бр. 5. Водени, цртачки и сликарски техники, материјали и средства.
- Списанија, сликовници, илустрирани романи/книги, продукти со визуелен материјал и содржини од областа на дизајнот на книгата во физичка форма или дигитална форма (презентација).

## ТЕК НА АКТИВНОСТА

**ВОВЕДЕН ДЕЛ – активирање на перцепциите**

Учениците го разгледуваат понудениот визуелен материјал, кој наставникот може да го организира како физички материјали за непосредно разгледување или како презентација што јасно ја прикажува разликата помеѓу корица и илустрација. Ги разгледуваат и параметрите според кои се разликува корицата од илустрацијата. На корицата, покрај илустративниот дел кој треба да содржи асоцијативни елементи поврзани со содржината на целата книга, потребно е да се испише текстот – насловот и авторот (и/или издавачката куќа). Текстот и илустрацијата треба да се вкомпонираат во естетска целина, со јасна порака до читателот. Илустрацијата, пак, претставува визуелен приказ на еден фрагмент од текстот, кој го илустрира моментот од содржината, прикажувајќи лик кој е носител на дејството, некаков настан или ситуација. Наставникот на нагледните материјали ги покажува разликите помеѓу илустрациите и кориците во различни жанрови – детска книга, роман, поезија, проза, енциклопедија и сл.

**ГЛАВЕН ДЕЛ – индивидуално творештво**

Учениците се делат во парови и секој пар одбира дело/наслов на книга која ја имаат прочитано, на пример лектира или дело за обработка, поезија или проза. Едниот ученик одбира да ја изработува корицата, а другиот илустрацијата за одбараното дело/книга. Учениците одбираат дали ќе работат во техники на сликање или цртање или ќе ги комбинираат истите. Започнуваат со работа и истовремено си помагаат во однос на изборот на бои, форми, приказот, буквите, местоположбата на текстот во однос на илустративниот елемент, за кој фрагмент од содржината од одбраната книга (расказ, стих, лик, настан). Наставникот одговара на поставените прашања, разрешува дилеми и технички предизвици на учениците.

**ЗАВРШЕН ДЕЛ – презентација на ликовната творба**

Учениците во парови излегуваат на таблата и пред останатите ги презентираат своите творби, го интерпретираат значењето и пораката на творбите. Најнапред презентира ученикот кој го направил дизајнот на корицата, а потоа ученикот кој ја изработил илустрацијата. Објаснуваат како зедно дошле до изборот на токму таа книга/наслов, како се договориле, и зошто токму тој фрагмент го илустрирале и др. Објаснуваат кои елементи ги прикажале, во која техника или комбинација на техники ги изработиле творбите и др. За време на презентацијата одговараат на прашања кои им ги поставуваат другите ученици или наставникот. Во училницата ги поставуваат своите творби на изложбено пано, или организираат изложба по повод некој светски ден посветен на книгата, илустрациите и др. На изложбата ги покануваат учениците од друга паралелка или родителите/гости во училиштето, за време на која секој ученик го презентира своето дело.

**РЕФЛЕКСИЈА**

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1. Што цртавте и сликавте денес?
2. Кој дел од активноста ви беше најинтересна?
3. Што научивте за изработка на идејно решение за дизајн на книга?

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите);
- Презентирање на искуствата и наученото.

Според стандардот за оценување:

Креира идејно решение за корица и илустрација, го интерпретира значењето и пораката на сопствената творба., наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да креира идејно решение за корица/илустрација.
- да твори по сопствена замисла според текст.
- да користи и комбинира сликарски и/или цртачки техники соодветно својата замисла.
- да го интерпретира значењето и пораката на сопствената творба.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

**МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА**

Оваа наставна содржина може да се интегрира:

а) со предметот Македонски/Албански/Турски/Српски/Босански јазик, преку поврзување со содржини прочитани како лектирни литературни дела, од прозата и/или поезијата, кои во редовната настава се разработени и обработени.

**ЧЕТВРТА АКТИВНОСТ**

- Учениците создаваат идејно решение со комбинација на слика и текст за флаер/банер на мотив: „Училиште по моја мерка“. Идејното решение го печатат и презентираат пред соучениците, интерпретирајќи ја визуелната и текстуалната порака која ја соопштуваат преку овие продукти.

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ** - Користи графички компјутерски програми за креирање на идејно решение за флаер или банер.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛНИЦА

**ОПРЕМА И СРЕДСТВА**

- Компјутер, таблет/мобилен телефон, проектор, дигитален фотоапарат, (апликации), паметна табла, печатач и сл.
- Интернет, графички и образовни софтвери.

**ТЕК НА АКТИВНОСТА**

**ВОВЕДЕН ДЕЛ – активирање на сеќавањата**

Наставникот започнува разговор со учениците за продуктите од графичкиот дизајн, како што се флаер и банер. Преку разговорот и разгледување на претходно изработените постери и дијаграми поставени во училницата, учениците ги детектираат и посочуваат, се потсетуваат на нивниот изглед, функција, содржина, визуелен и текстуален материјал. Наставникот им дава дополнителни информации за потребата и целта на овие продукти и насоки за активноста: учениците треба да се определат дали ќе изработат дизајн на флаер или банер. За оваа активност, тие треба да изработат идејно решение во дигитална форма, користејќи компјутер, таблет или графички компјутерски програми.

**ГЛАВЕН ДЕЛ – индивидуално творештво**

Учениците започнуваат на компјутерите или таблетите да креираат во графички софтвер идејно решение на банер или флаер на тема, мотив или пригода по сопствен избор (банер на училиштето, флаер за хуманитарен базар, за потребите на некоја установа како библиотека, музеј, туристичка локација, реклама и сл)  Учениците започнуваат со работа, одбораат фотографии, илустрации, бои, форми, текст, фонт, и истите ги комбинираат во функционална и естетска целина. На истите комбинираат текст и визуелен материјал.

**ЗАВРШЕН ДЕЛ – презентација на ликовната творба**

Учениците на мониторот на компјутерот или на паметната табла ги презентираат своите идејни решенија, објаснувајќи ја нивната функција, пораката, намената, што би промениле или додале во иднина и за какви други слични творби би сакале да работат. Сите идејни решенија се снимаат во заедничка датотека во дигитална форма, за подоцна да бидат достапни за разгледување или отпечатување.

**РЕФЛЕКСИЈА**

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1. Што креиравте дигитално денес?
2. Кој компјутерски програм/дигитална алатка за време на активноста ви беше најкорисен?
3. Што научивте за примената на дигиталните технологии во дизајнот на флаер и банер?

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Презентирање на искуствата и наученото.

Според стандардот за оценување:

Користи графички компјутерски програми за креирање на идејно решение за флаер или банер, наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да користи графички компјутерски програми;
- да креира идејно решение за флаер/банер;
- да одбира содржина која ќе ја претстави на флаер/банер;
- да комбинира текст и визуелен материјал во функционална целина.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

**МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА**

Оваа наставна содржина може да се интегрира со предметот Информатика преку искористување на дигиталните вештини за пребарување на интернет и користење на веб-

ресурси, како и развивање на дигитална писменост и компјутерски вештини потребни за дизајнот.

## III ТЕМА

## ТРОДИМЕНЗИОНАЛНА УМЕТНОСТ

(Вкупниот број на часови предвидени за реализација на наставната содржина е 8 часа)

| | |
|---|---|
| **Резултати од учење:**<br><br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:<br>1. да разликува тродимензионални форми на пластично обликување во просторот и да применува различни скулпторски техники и постапки;<br>2. да ја препознава потребата од дизајнот на накит и амбалажа, да применува стилизирани форми, да создава идејно решение за дизајн на накит и да користи графички компјутерски програми за дизајн на амбалажа.<br>Ученикот/ученичката ќе:<br>1. развива имагинација и креативност при творењето на ликовни творби;<br>2. развива мануелни вештини;<br>➢ развива способност за естетска проценка на ликовни дела и ученички творби. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |

| | |
|---|---|
| • **Пластично обликување**<br>(скулптура, галериска скулптура, минијатура, монументална скулптура, сапун, восок, простор, контраст, хармонија) | • Разликува галериска скулптура, минијатура и монументална скулптура.<br>• Применува техника на длабење при изработка на минијатура од сапун/восок.<br>• Идентификува контраст и хармонија на големини и форми во тродимензионално дело.<br>• Применува обликување со картон при изработка на скулптура.<br>• Компонира сложена скулптура во простор од повеќе материјали.<br>• Го интерпретира значењето/симболиката на изработената скулптура. |
| • **Дизајн и визуелни комуникации во 3Д**<br>(дизајн на накит, сериски продукт, уникат, ритам, стилизација, филигран, амбалажа, Quiling (Квилинг) | • Препознава продукт од областа на дизајн на накит.<br>• Применува стилизирани форми при дизајнирање накит.<br>• Создава идејно решение за филигран во техника Quiling (Квилинг).<br>• Користи графички компјутерски програми за креирање идејно решение за дизајн на амбалажа. |

## I (ПРВА) СОДРЖИНА - ПЛАСТИЧНО ОБЛИКУВАЊЕ

### ПРВА АКТИВНОСТ

- Учениците, поделени во мали групи/парови, користејќи интернет, разгледуваат примери од различни скулптури и прават разлика меѓу галериска скулптура, минијатура и монументална скулптура. Учениците изработуваат минијатури со мотив човечка фигура со длабење во сапун/восок.

**БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС**

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ –** Разликува галериска скулптура, минијатура и монументална скулптура. Применува техника на длабење при изработка на минијатура од сапун/восок.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА –** УЧИЛНИЦА

## ОПРЕМА И СРЕДСТВА

- Компјутер, таблет/мобилен телефон и сл.
- Интернет.
- Хамер, маркери.
- Сапун (тврд) или восок (свеќа), ножиња, длета.

## ТЕК НА АКТИВНОСТА

### ВОВЕДЕН ДЕЛ – **активирање на истражувачкиот дух**

Учениците седнати пред компјутери или таблети, добиваат задача од наставникот да истражуваат на интернет на тема „скулптура“ и видови скулптури. Тие ги запишуваат информациите на листови или ги зачувуваат во дигитален формат. Наставникот дополнително ги насочува да истражат разликите во пластичното обликување и поимите галериска скулптура, минијатура и монументална скулптура. По завршувањето на периодот на истражување, дел од учениците ги запишуваат дефинициите на хамер и ги читаат или објаснуваат информациите до кои дошле. Наставникот им ја објаснува практичната активност која следи – изработка на минијатура – и им покажува примери од ученички творби настанати со длабење во сапун и/или восок. Исто така, им објаснува дека, како и кај другите техники каде се прават нацрти и скици, кај скулптурата минијатурите често се користат како скица за тридимензионален израз.

### ГЛАВЕН ДЕЛ – **индивидуално творештво**

Учениците го земаат потребниот материјал и започнуваат со работа. Со помош на ножиња или ~~длето~~ длета започнуваат да длабат во мекиот материјал – сапун или восок, според мотив по сопствен избор (фигури на луѓе, животни, возила и др.). Додека трае активноста, наставникот се движи низ училницата, го надгледува процесот и постапките на учениците, дава усни насоки и упатства за правилно користење на алатот и подлогата која ја длабат. Одговара на прашања и решава технички дилеми кои можат да се појават, бидејќи оваа активност учениците ја реализираат за првпат.

### ЗАВРШЕН ДЕЛ – **презентација на ликовната творба**

Во завршниот дел од активноста, најнапред секој ученик ги објаснува и постапките на истражување на интернет, на кој сајт пристапиле, како дошле до бараните дефиниции, до кои дополнителни информации ги дознале/научиле, а претходно не ги споделиле. Потоа учениците ги претставуваат своите минијатури во сапун/восок, го појаснуваат мотивот кој го претставиле, зошто токму тој мотив го одбрале, го објаснуваат процесот и постапките што ги користеле, на какви потешкотии наишле и како ги надминале. Ги поставуваат изработените минијатури на некоја полица во училницата, или доколку не ги довршиле творбите, активноста ја продолжуваат дома.

## РЕФЛЕКСИЈА

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:
1.Што изработивте денес?
2. Кој дел од часот ви беше покреативен и зошто?
3. Што научивте за разликите помеѓу галериска скулптура, минијатура и монументална скулптура?

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Презентирање на искуствата и наученото.

Според стандардот за оценување:
Разликува галериска скулптура, минијатура и монументална скулптура. Применува техника на длабење при изработка на минијатура од сапун/восок.
Наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да разликува галериска скулптура, минијатура и монументална скулптура;
- да применува техника на длабење во сопствена творба;
- да применува нестандарден ликовен материјал сапун/восок;
- да изработува минијатура од сапун/восок.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира:

а) Со предметот Информатика, оваа содржина може да се интегрира преку искористување на дигиталните вештини за пребарување на интернет и користење на веб-ресурси, како и преку развивање на дигитална писменост и компјутерски вештини во ликовното творештво.

б) Со предметот Техничко образование, преку искористување на вештините за работа со алат, ножиња и длета.

## ВТОРА АКТИВНОСТ

- Учениците, поделени во мали групи/парови, набљудуваат тродимензионални уметнички дела и предмети од опкружувањето, ги идентификуваат контрастот и хармонијата на големини и форми и сознанијата ги презентираат пред другите.

## БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ** – Идентификува контраст и хармонија на големини и форми во тродимензионално дело.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛНИЦА

**ОПРЕМА И СРЕДСТВА**

- Компјутер, таблет/мобилен телефон, печатач и сл.
- Интернет.
- Хамер, маркери.
- Картички за квиз.

**ТЕК НА АКТИВНОСТА**

**ВОВЕДЕН ДЕЛ – активирање на перцепциите**

Наставникот презентира тридимензионални уметнички дела на кои јасно се забележуваат контрастот и хармонијата на форма и големина. Нагледните средства можат да бидат во хартиена форма – испечатени дела, хамери, монографии, енциклопедии – или презентацијата да се реализира преку дигитален формат на проектор или паметна табла. Заедно со учениците се дискутира и вербално се опишуваат разликите помеѓу хармонијата и контрастот на прикажаните дела. Се потсетуваат на истите поими кои се користени кај дводимензионалниот израз.

**ГЛАВЕН ДЕЛ – индивидуална и групна работа**

Учениците набљудуваат тридимензионални уметнички дела од понудените примери, како и предмети од нивното секојдневно опкружување. Вербално го идентификуваат контрастот и хармонијата на форма и големина. Потоа наставникот предлага квиз на погодување. Учениците се поделени во две натпреварувачки групи и добиваат јасни упатства за правилата на квизот. Наизменично, секој ученик од групата извлекува картичка од папка или плик на која има фотографија на тридимензионален предмет или уметничко дело. Учениците треба да го идентификуваат објектот и да ја постават картичката на хамерот во соодветното поле, под правилниот поим – контраст или хармонија. Картичките се класифицирани според поимите кои се обработуваат на часот. Секој точен и неточен одговор се бележи, а на крајот се соопштуваат резултатите и се прогласува победничката група.

**ЗАВРШЕН ДЕЛ – презентација на хамерот**

Наставникот ја прогласува победничката група, но нагласува дека секој ученик е победник доколку научил да препознава разлики и да ги идентификува поимите на тридимензионално дело. Предложува хамерот да се постави на видно место во училницата, за да се користи како пример преку кој учениците перцептивно ќе ги утврдат знаењата. Исто така, ги поттикнува учениците да осмислат и организираат сличен квиз како вежба и за други поими кои им се потешки за совладување.

**РЕФЛЕКСИЈА**

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:
1. Што игравме денес?
2. Кој дел од активноста ви беше најкорисен?
3. Што научивте за играта квиз, како забавно средство за учење?

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Презентирање на искуствата и наученото;

Според стандардот за оценување – Идентификува контраст и хармонија на големини и форми во тродимензионално дело, наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да идентификува контраст во скулптурата;
- да идентификува хармонија во скулптурата;
- да разликува контраст од хармонија во скулптурата;
- да предлага слични активности.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира:
а) со предметот Математика, преку искористување на знаењата стекнати во изучувањето на поимот големина.

## ТРЕТА АКТИВНОСТ

- Учениците изработуваат скулптури со животински форми од картон по примерот на скулптурите на Александер Калдер (со животински форми) и потоа истите ги бојат со темперни бои.

## БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ** – Применува обликување со картон при изработка на скулптура.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛНИЦА

## ОПРЕМА И СРЕДСТВА

- Паметна табла, проектор.
- Презентација или репродукции со скуптури на Александар Кадлер

- Картон, молив/фломастер, ножички, скалпел, селотејп, лепило за хартија.
- Темперни бои, четки.

## ТЕК НА АКТИВНОСТА

**ВОВЕДЕН ДЕЛ – активирање на креативноста во трета димензија**

Наставникот презентира дела од Александар Кадлер, како и ученички творби во стилот на истиот скулптор. Делата ги прикажува во хартиена форма (принтани или од монографија) или дигитално (на паметна табла). На учениците им објаснува од кои материјали се изработени делата и творбите. Покажува како уметникот гради композиција која добива асоцијативен, комплексен и препознатлив изглед, користејќи едноставни плоштини, плански отсечени форми кои потоа ги поврзува во целина. Наставникот предлага учениците да изработат скулптура со животинска форма од картон во стилот на Кадлер. За таа цел, тие треба да осмислат, испланираат, исцртаат и отсечат форми, кои постепено ќе ги лепат додека не ја постигнат посакуваната тридимензионална форма.

**ГЛАВЕН ДЕЛ – индивидуално творештво**

Учениците започнуваат со творење. По сопствен избор, осмислуваат кое животно ќе го претстават, ги идентификуваат неговите карактеристични делови на тело, ги исцртуваат на картонот, ги сечат и лепат формите. Наставникот го следи процесот на работа, дава вербални упатства и насоки. По завршувањето на скулптурата, наставникот предлага учениците да ја обојат со темперни бои, користејќи реалистични или нереалистични бои и шари.

**ЗАВРШЕН ДЕЛ – презентација на творбата**

Учениците излегуваат на табла, ја презентираат скулптурата. Ја опишуваат, кажуваат за кое животно се определиле и зошто, кои се карактеристиките по коишто е препознатливо, какви постапки користеле, како течел процесот на творење со картон, со кои бои бoеле. Секој ученик се изјаснува која наредна форма би ја изработил нареден пат во овој стил. Во училницата организираат изложба. Изложбата ја посветуваат на екологијата, на заштитата на живиот свет, на рециклирањето како мотив плус за вакви творби, за живиот свет и убавините на биодиверзитетот.

## РЕФЛЕКСИЈА

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1.Што компониравте денес?

2. Кој процес од активноста ви беше најкомплексен?

3. Што научивте за скулптурите на Александер Калдер?

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Презентирање на искуствата и наученото.

Според стандардот за оценување – Применува обликување со картон при изработка на скулптура.
Наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да применува обликување со картон;
- да планира делови од целина;
- да применува стандардни и нестандардни ликовни техники и постапки;
- да бои тридимензионална форма;
- да објаснува процес и постапки на работа.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира:
а) со предметот Биологија, преку искористување на знаењата стекнати во изучувањето на животинскиот свет, биодиверзитетот и сл.

## ЧЕТВРТА АКТИВНОСТ

- Учениците, поделени во големи групи, креираат скулптура од жици и со комбинирање на други материјали (алуминиумски фолии, картони, ткаенини и сл.) со мотив по избор. Учениците ги изложуваат своите творби и ги презентираат пред соучениците, интерпретирајќи го нивното значење/симболика.

**БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС**

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ** – Компонира сложена скулптура во простор од повеќе материјали. Го интерпретира значењето/симболиката на изработената скулптура.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛНИЦА

## ОПРЕМА И СРЕДСТВА

- Картон, молив/фломастер, ножички, скалпел, селотејп, лепило за хартија алуминиумска фолија, пластика, амбалажи, жица, платна, волници, јажиња, лепило за дрво, шпатули, хефталка.

## ТЕК НА АКТИВНОСТА

**ВОВЕДЕН ДЕЛ** – **активирање на дивергентното мислење**

Наставникот на една маса поставува мноштво разновидни материјали и средства, повеќето нестандардни или такви кои ја изгубиле првобитната намена. Учениците, по сопствен избор, земаат материјали и користат различни техники – спојување, врзување, хефтање, лепење, гужвање и сл. – со цел да создадат сложена тродимензионална форма, односно скулптура во простор од повеќе различни материјали. Скулптурата треба да има, според нивната замисла, и некое значење или симболика, која може да биде фигуративна или нефигуративна, потсетувајќи се на поимите изучени кај дводимензионалниот израз.

**ГЛАВЕН ДЕЛ – индивидуално творештво**

Учениците одат до масата со материјали, започнуваат да одбираат според нивната почетна замисла. Започнуваат да творат со користење на различни технички постапки според одбраниот материјал и да содаваат во трета димензија. Повремено стануваат на масата со материјали, ги враќаат оние што веќе не им се потребни, или земаат долполнителни материјали. Постепено ја градат тридимензионална форма со комбинирање и компонирање. Додаваат делови, отсекуваат и отстрануваат непотребни и сл. Наставникот повремено се движи низ училницата, вербално дава технички насоки. Одговара на поставени прашања од страна на учениците. Ги мотивира да истражуваат со различни материјали.

**ЗАВРШЕН ДЕЛ – презентација на творбата**

Учениците излегуваат пред табла и ја презентираат својата скулптура во простор, изработена од повеќе материјали. Ја опишуваат, кажуваат од кои материјали е направена, како ги спојувале, гужвале, извивале, сечеле или кинеле, и кои постапки и алатки ги користеле. Објаснуваат што им претставувало мотив, што било предизвик, кои потешкотии ги сретнале и како ги надминале. На крајот ја објаснуваат пораката на скулптурата: кое е нејзиното име/наслов, значење, симболика или порака која ја пренесува. Ги разгледуваат препознатливите облици, чувства или емоции и дискутираат дали творбата пренесува позитивна или негативна порака. Заедно разговараат за тоа како тродимензионалниот израз, слично како дводимензионалниот, му овозможува на уметникот симболично и визуелно да прикаже невидливи нешта, емоции, искуства и пораки.

**РЕФЛЕКСИЈА**

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1.Што креиравте денес?
2. Кој дел од групната активност ви беше најинтересен и најкорисен и зошто?
3. Што научивте за симболичкиот приказ во третата димензија?

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Презентирање на искуствата и наученото.

Според стандардот за оценување – Компонира сложена скулптура во простор од повеќе материјали. Го интерпретира значењето/симболиката на изработената скулптура. Наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да компонира сложена скулптура во простор;
- да комбинира различни материјали и техники;
- да применува стандардни и нестандардни ликовни техники и постапки;
- да објаснува процес и постапки на работа;
- да го интерпретира значењето/симболиката на изработената скулптура.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира:
а) со предметот Техничко образование, преку искористување на вештините за работа со различен алат и мануелни постапки и техники.

## III (ТРЕТА) СОДРЖИНА - ДИЗАЈН И ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ ВО 3Д

## ПРВА АКТИВНОСТ

- Учениците, поделени во мали групи/парови, користејќи интернет истражуваат на тема накитот некогаш и денес (историјат, уникатност и сериско производство) и разгледуваат различни примери на накит. Потоа, примерите ги печатат и креираат едукативни дијаграми/постери кои ги поставуваат во училницата и ги презентираат.

**БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС**

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ –** Препознава продукт од областа на дизајн на накит.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА –** УЧИЛНИЦА

## ОПРЕМА И СРЕДСТВА

- Фотографии од накит, списанија, флаери, реклами, енциклопедии од областа на историјата на уметност, продукти од модерен дизајн на накити др.
- Компјутер, таблет/мобилен телефон, интернет, печатач и сл.
- Хамер, маркери, фломастери, ножички, лепила.

## ТЕК НА АКТИВНОСТА

**ВОВЕДЕН ДЕЛ – активирање на истражувачкиот дух**

Наставникот подготвува нагледен материјал во хартиена форма на тема „накит“, кој опфаќа историски податоци и визуелен, илустриран материјал што ја прикажува појавата на накитот низ времето и цивилизациите, како изгледал и бил користен. Заедно со учениците, врз основа на нагледниот материјал, наставникот води дискусија за тоа кои материјали се користеле за изработка на накитот во различни периоди и за специфичните техники што ги применувале занаетчиите и ракотворците (како филигранот, лиениот и кованиот накит). Наставникот ги запрашува учениците како изгледа накитот денес, дали се разликува или има сличности со некогашниот, и од кои материјали се изработува. Потоа им објаснува дека со развојот на занаетчиството, мануфактурата, а особено индустријата за производство на накит, истиот од уникатна изработка преминал во сериско производство. Сепак, постоењето на уникатен накит кај дизајнерите, како авторски оригинали, и натаму има вредност и е ценето. Наставникот ги запрашува учениците како и каде денес се набавува накитот, како тоа се разликува од порано и каква е цената и вредноста на уникатните и сериските производи.

**ГЛАВЕН ДЕЛ – истражување во група**

Наставникот ја поставува задачата, учениците да изработат едукативни дијаграми/постери. За таа цел, најнапред се делат во мали групи/парови и започнуваат да истражуваат на интернет за накитот некогаш и денес, со фокус на историјатот, уникатноста и сериско производство. Учениците во своите групи откриваат визуелен и текстуален материјал, истиот го симнуваат, селектираат, печатат. На хамерот ја планираат површината и полињата кои ќе ги исполнуваат со пронајдениот материјал. Заедно планираат и ги лепат испечатените материјали, допишуваат и доцртуваат елементи кои ќе ја дополнат целината на едукативниот дијаграм/постер.

**ЗАВРШЕН ДЕЛ – презентација на творбата**

Учениците група по група или пар по пар излегуваат на таблата, го претставуваат својот дијаграм/постер, ги читаат текстовите и го коментираат визуелниот и илустративниот материјал. Објаснуваат на кои сајтови ги откриле, кои дигитални вештини им помогнале во истражувањето. Учениците можат и да донесуваат сопствени претпоставки, теории и заклучоци за определени сознанија до кои дошле при истражувањето. Наставникот ги запрашува дали некои од нив во иднина се гледа како дизајнер на накит, или, пак, историчар на уметност чија преокупација и фокус на истражување би бил токму накитот низ милениумите.

**РЕФЛЕКСИЈА**

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1.Што истражувавме денес?

2. Кој дел од креирањето на дијаграмот/постерот ви беше најинтересен?

3. Што научивте за накитот некогаш и денес?

**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.

- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Презентирање на искуствата и наученото.

Според стандардот за оценување – Препознава продукт од областа на дизајн на накит, наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да препознава продукт од областа на дизајн на накит;
- да истражува на интернет или преку печатен материјал;
- да применува дигитални вештини;
- да објаснува процес и постапки на работа;
- да препознава и разликува уникатност од сериско производство.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## **МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА**

Оваа наставна содржина може да се интегрира:
а) со предметот Историја преку искористување на знаењата стекнати за временските периоди од праисторија до денес, и општествени услови.

## **ВТОРА АКТИВНОСТ**

- Учениците дискутираат за потребата на креирање накит во техниката филигран. Потоа креираат идејно решение за накит (обетка, приврзок, прстен, алка, брош и сл.) користејќи молив, туш и сл.

**БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС**

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ** – Применува стилизирани форми при дизајнирање накит.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛНИЦА

## **ОПРЕМА И СРЕДСТВА**

- Претходно изработените дијаграми/постери поставени во училницата.
- Листови од блок бр. 4 или бр.5, молив (B и HB), јаглен, дрвени боички, туш и перце, тенки фломастери и др.

## **ТЕК НА АКТИВНОСТА**

**ВОВЕДЕН ДЕЛ – активирање на сеќавањата**

Наставникот преку разговор и дијаграми/постери ги потсетува учениците на знаењата кои ги стекнале на претходниот час на тема „накит“. Посебен осврт се посветува на

традиционалниот накит во РС Македонија, техниките на негова изработка и поимот филигран како специфичен начин на занаетчиска изработка на овој вид накит. На примери каде е прикажан филигран, наставникот ги запрашува учениците за линиските вредности, облиците, формите, стилизацијата на формите и деталите, како и кои форми најчесто служат за инспирација (флора и фауна). Исто така, дискутираат за тоа дека постои посебен накит за различни делови на телото, како обетки, приврзоци, прстени, алки, брошеви и слично.

## ГЛАВЕН ДЕЛ – **индивидуално творештво**

Наставникот ги поттикнува учениците да станат идејни креатори на накит, за кој на овој час ќе нацртаат скица за обетка, приврзок, прстен, алка, брош или друго. За таа цел, ќе користат цртачки материјали како молив, туш и тенок маркер. Идејното решение треба да биде за накит кој би можел да се изработи во техника филигран, а цртежот да биде во поголем размер од реалната големина на накитот, за да се доловат елементите и деталите. Наставникот појаснува дека формата треба да биде стилизирана, а мотивот одбран од природата, при што секој ученик самиот го избира својот мотив. Учениците започнуваат со цртање, додека наставникот го надгледува процесот на работа и дава технички совети и насоки за стилизацијата на природните форми.

## ЗАВРШЕН ДЕЛ – **презентација на творбата**

Наставникот ги повикува учениците да ги претстават своите идејни решенија за накит. Секој ученик ја објаснува својата творба и идеја, од каде црпел инспирација, што би променил при наредна прилика, кој материјал го користел и какви детали, стилизации, линии и плоштини применил. Наставникот предлага сите скици и нацрти да се соберат и поврзат во целина – едно вид на дизајнерско портфолио на паралелката, со наслов кој учениците сами ќе го предложат и одберат. За ова портфолио, накнадно може да се изработи и корица.

## РЕФЛЕКСИЈА

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1.Што цртавме денес?

2. Кој дел од креирањето на идејното решение за накит ви беше најинтересен?

3. Што научивте за дизајнирањето на дел од накит?

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Презентирање на искуствата и наученото.

Според стандардот за оценување – Применува стилизирани форми при дизајнирање накит. Наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да применува стилизирани форми;
- да применува цртачки материјал молив и туш (или друг);
- да применува линија како изразно средство;
- да ја обајснува сопствената идеја;
- да креира идејно решение за накит.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира:

а) со предметот Техничко образование, преку искористување на вештините за прецизно цртање со молив и туш.

## ТРЕТА АКТИВНОСТ

- Учениците реализираат творба во техника Quiling (Квилинг) со мотив: „Мојот уникатен филиграски накит".

## БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ** – Создава идејно решение за филигран во техника Quiling (Квилинг).

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛНИЦА

## ОПРЕМА И СРЕДСТВА

- Фотокопирна хартија бела и во боја.
- Ученички творби во техника Quiling (Квилинг).
- Кусо видео кое ја демонстира техниката.
- Листови од блок бр. 3 или бр. 4, молив (B и HB), линијар, лепило за хартија.

## ТЕК НА АКТИВНОСТА

**ВОВЕДЕН ДЕЛ – активирање на сеќавањата**

На дијаграмите и цртежите настанати на тема „Филигран", учениците ги повторуваат сите свои знаења за оваа техника за создавање накит. Наставникот ги насочува кон примерите на дијаграмот или постерот и на своите ликовни творби каде направиле скица, повторно запрашувајќи ги учениците за линиските вредности, облиците, формите, стилизацијата на формите и деталите. На компјутер или паметна табла им прикажува кратко видео со техниката Quiling (Квилинг) и/или ја демонстрира техниката. Им појаснува дека најнапред

од фотокопирна хартија треба да се сечат тесни ленти со еднаква ширина, за што им е потребен линијар и молив за да исцртаат паралелни, еднакво одалечени линии (околу 3–5 мм). Потоа им покажува како од отсечените ленти се добиваат основните елементи, од кои ќе го градат идејното решение во 3Д. Објаснува дека иста постапка, но со сребрени ленти, занаетчиите користат за изработка на филиграски накит. Учениците одбираат дали сакаат филигранот да го изработат во една или повеќе бои. За подлога можат да ја искористат претходната скица или да нацртаат нова, врз која ќе ги лепат свитканите едноставни форми за да создадат сложен модел.

## ГЛАВЕН ДЕЛ – **индивидуално творештво**

Учениците започнуваат да исцртуваат со молив и линијар паралелни линии на фотокопирна хартија (бела или во боја), еднакво оддалечени. Потоа ги отсекуваат и, врз основа на својата скица или нацрт, виткаат мали форми и детали, кои ги лепат за да ја добијат саканата форма. Оваа техника може да се изведе на повеќе начини: на црна подлога да се лепат само бели ленти, на обоени подлоги еднобојни ленти, или на бела/црна подлога разнобојни ленти. Наставникот го следи процесот на работа кај секој ученик, ги забележува потешкотиите на кои наидуваат и им дава вербални совети и дополнителни насоки.

## ЗАВРШЕН ДЕЛ – **презентација на творбата**

Учениците ги претставуваат своите идејни решенија за филиграски накит во техника Quiling (Квилинг). Секој ученик ја објаснува својата творба: формата која ја направил, боите кои ги користел, дали формата е флорална или друг вид мотив, кој материјал го употребил, како ги создавал деталите и каква стилизација применил. Наставникот предлага сите идејни решенија за филигран да се изложат на видно место во училницата, а понатаму да се врамат и, можеби, да се подготват како честитки или украсни слики кои учениците би можеле да ги подаруваат за некоја пригода.

## РЕФЛЕКСИЈА

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1. Која техника ја користевме денес?

2. Кој дел од активноста најмногу ве ангажираше?

3. Што научивте за филигранот, уникатот и техниката Quiling (Квилинг)?

## СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците.
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите).
- Презентирање на искуствата и наученото.

Според стандардот за оценување – Создава идејно решение за филигран во техника Quiling (Квилинг). Наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да применува стилизирани форми;
- да применува цртачки материјал и линијар;
- да создава идејно решение за филигран;
- да користи различни постапки на работа (сечење, свивање, лепење);
- да применува техника Quiling (Квилинг).

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира:
а) со предметот Техничко образование, преку искористување на вештините за работа со линијар, молив, ножички, лепила.

## ЧЕТВРТА АКТИВНОСТ

Учениците креираат скица (идејно решение) за дизајн на амбалажа, на пример кутија за накит, според сопствена замисла, користејќи графички компјутерски програми. Идејното решение го презентираат пред соучениците, објаснувајќи ја својата идеја и намената на замислениот предмет/амбалажа за накит.

**БРОЈ НА ЧАСОВИ ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА - 1 ЧАС**

**СТАНДАРД ЗА ОЦЕНУВАЊЕ** – Користи графички компјутерски програми за креирање идејно решение за дизајн на амбалажа.

**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА** – УЧИЛНИЦА

**ОПРЕМА И СРЕДСТВА**

- Компјутер, таблет, проектор, паметна табла, печатач и сл.
- Интернет и образовни софтвери.

## ТЕК НА АКТИВНОСТА

**ВОВЕДЕН ДЕЛ – активирање на перцепциите**

На претходниот час наставникот им задава на учениците да донесат различни амбалажи, како кутии од парфеми, кутии од накит и слично. Заедно ги разгледуваат и споредуваат, водејќи разговор за нивната форма, големина, боја, декоративни елементи, текстови, логоа и други детали. Кутиите ги одлагаат на катедрата и започнуваат пребарување на интернет за слични или различни кутии за разгледување. Понатаму добиваат насоки да пребаруваат

темплејти со дизајни на амбалажи и кутии за накит. Наставникот им задава задача да креираат скица според сопствена замисла, користејќи графички компјутерски програми. Ги насочува учениците да отворат некој од графичките софтвери кои им се познати, каде со едноставни алатки можат да изработат скица. Доколку е потребно за поедноставување на задачата, наставникот може да им испрати неколку типови бланко кутии (темплејти), врз кои ќе реализираат своето идејно решение за дизајн на амбалажа.

### ГЛАВЕН ДЕЛ – **индивидуално творештво**

Учениците започнуваат со работа. Во графичкиот софтвер, со помош на едноставните алатки, создаваат геометриска, линеарна форма која ќе ја претставува кутијата. Потоа, користејќи алатки за цртање, боење и текстурирање, ја дизајнираат кутијата за накит. На крајот можат да додадат текст, име или други букви. Во процесот на работа, можат да го менуваат спектарот на бои, контрастот и линиите, како и да се враќаат на претходните чекори доколку сметаат дека нешто може да се подобри. Готовиот фајл го именуваат и го зачувуваат во заедничката датотека на паралелката, во фолдер со наслов „Кутија за накит“.

### ЗАВРШЕН ДЕЛ – **презентација на творбата**

Наставникот го отвара фолдерот/датотеката преку паметна табла или ја поставува на УСБ и ја проектира. Секој ученик, кога на таблата ќе се појави неговиот дизајн, ја претставува и објаснува својата скица (идејно решение) за дизајн на амбалажа. Ги опишува формата, боите, линиите, плоштините, текстот и другите елементи, ги покажува алатките кои ги користел во графичкиот компјутерски програм, како и фонтот кој го употребил. Гласно размислува и проценува својата творба, предлагајќи што би додал или што би променил**.**

### РЕФЛЕКСИЈА

На крајот од часот, по презентацијата, се води дискусија по прашањата:

1. Што креиравме денес?
2. Кој дел од активноста ви беше најинтересна?
3. Што научивте за важноста на дигиталните вештини во подготовка на дизајн за амбалажа?

### СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
- Практичната активност за време на часот (учество во активностите);
- Презентирање на искуствата и наученото;

Според стандардот за оценување – Користи графички компјутерски програми за креирање идејно решение за дизајн на амбалажа.

Наставникот треба од учениците да очекува да ги исполнат следниве резултати:

- да применува графички компјутерски програм/софтвер;
- да применува дигитални алатки за цртање, боење и текстурирање;
- да црта основна геометриска форма;
- да креира идејно решение, дизајн на амбалажа, кутија за накит;

- да ја објаснува сопствената идеја.

* Наставникот може да изработи чек-листа (листа за проверка) за следење на напредокот на ученикот.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Оваа наставна содржина може да се интегрира со предметот Информатика, преку искористување на дигиталните вештини за пребарување на интернет и на ВЕБ, како и користење на дигитални алатки, апликации и програми/софтвери, со што се применуваат и компјутерски вештини во дизајнот.

# ПРИЛОГ
# Предлог илустративен материјал за изведување на наставата за ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА VII ОДДЕЛЕНИЕ

## ЛИКОВЕН ЈАЗИК



Композиција од различни видови линии



Ученички творби, видови линии



Хармонија на линии



Контраст на линии



Градација на линии



Видови линии (туш и перо/четка)



Ритам на линии



Ритам во тродимензионалната уметност (релјеф)



Ритам на дезен

Валер (комбинирана техника)





Градација на големини








Видови текстура (туш/фломастер/маркер)



Градација на тон (ахроматска)



Градација на тон (хроматска)





Геолошки слоеви (фотографија и цртеж)





Пресек на дрво (фотографија на годови)



Шрафура, линии во различни насоки





Топли и студени бои




Комплементарен контраст



Градација на тон



Мртва природа – хроматски бои (темперни бои)



Мртва природа – ахроматски бои (јаглен)





Нефигуративен израз




Фигуративен израз



Флорален мотив



Орнамент



Филигран



Quiling





Стилизација

# ТЕОРИЈА НА БОЈА



Круг на бои



Тонски скали (хроматски)



Тонска скала (ахроматска)



Круг на бои



Примарни бои (основни бои/првостепени)



Секундарни бои (второстепени)



Студени и топли бои



Студени



Топли





Комплементарни бои



Градација на бои



Хармонија на бои

# ГРАФИКА И ГРАФИЧКИ ТЕХНИКИ



Графички отпечаток, гипсорез



Графички отпечаток, гипсорез



Графички отпечаток, колаграфија - висок печат



Колаграфија - матрица и графички отпечаток во боја

## УМЕТНИЧКИ ДЕЛА





Винсент Ван Гог





Клод Моне





Пол Кле





Виктор Вазарели





Рој Лихтенштајн





Џорџија О’Киф





Хенри Матис






Пол Гоген





Лазар Личеновски






Енди Ворхол





Василиј Кандински





Џексон Полок





Петар Мазев

# КОРИСНИ ЛИНКОВИ

https://www.youtube.com/watch?v=oaA2DPtHTNc
https://www.youtube.com/watch?v=WxyAqxH2wHs
https://www.youtube.com/watch?v=qEiKflofuls
Колаграфија

https://www.youtube.com/watch?v=jAfIlJcKYNw
https://www.youtube.com/watch?v=iEfCmoWmWP4
Гипсорез

https://www.youtube.com/watch?v=PLGFlCDeuzU
https://www.youtube.com/watch?v=b84WtVDBHFs
Qulining

*Сите прикажани предлози се само ориентационо поставени во овој прирачник. Секој наставник може да ги искористи истите, но секако дека е препорачливо самиот да истражува и одбира примери и нагледни средства соодветно часот кој го планира и организира.